Во трудот е направена компаративна анализа на лапараскопската радикална нефректомија наспроти отворената радикална нефректомија за тумори на бубрег со големина <7 см ограничени на бубрегот. Притоа се установило дека лапараскопската радикална нефректомија е исто ефикасна, како и отворената радикална нефректомија, но е асоцирана со помала постоперативна болка и помал болнички престој.

**Пленарно предавање на стручен собир (во странство)**

[37] **Toni Krstev**
**Title:** Recommendation for the Guidelines of the lower urinary tract syptoms
**Presentation:** ORAL
**Publication date:** 18-20 Septembar 2015 Sarajevo,Bosnia and Herzegovina
**Organizer:** Europian asotiation of Urology (EAU)
**Event:** South Eastern European Meeting (SEEM)

**Член на институтски орган, комисија**

**[38] Тони Крстев**

Член на Комисија за полагање на државен испит по медицина при Лекарската комора на Република Северна Македонија.

Член на Лекарското друштво на РС Македонија (МЛД).

Член на Лекарската комора на РС Македонија (ЛКМ).

Член на Здружение по урологија на РС Македонија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која беше уредно доставена. По прегледот на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Тони Крстев во целост ги исполнува условите предвидени со позитивните законски прописи за избор во звање насловен доцент во областа анатомија. Кандидатот има континуирано научно напредување, позитивни научноистражувачки резултати и одличен придонес во доменот на медицинските науки. Истовремено има одличен придонес во наставно-образовната и стручно-апликативната дејност и ги поседува потребните бодови согласно со критериумите за бодување.

Врз основа на погоре изнесеното, Рецензенската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип да го избере д-р Тони Крстев во звањето насловен доцент за наставно-научната област анатомија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Проф. д-р Светлана Јовевска, редовен професор, с.р.
Проф. д-р Ники Матвеева, редовен професор, с.р.
Проф. д-р Џенгис Јашар, редовен професор, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ ВО ПОСЛЕДНИ 5 ГОДИНИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **0** | | | | |
| Р.бр | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 3 | Научен труд објавен во списание со ИФ<br>**Трудови под реден бр. 2 и 3 – втор автор**<br>**2 x 10 = 20 бода** | 2 x10 = 20 | | | | 20 |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) ( 9/6/3)<br>**Трудови под реден бр. 4, 5 и 6 – прв автор 2 x 9 x0,7 и 1 x 9 = 21,6 бода**<br>**Труд под реден бр. 7 и 8 – останати автори 1 x 3 x 0,7 и 1 x 3 = 5,1 бода** | 2 x 9 x 0,7 = 12,6<br>1 x 9 = 9<br><br>1 x 3 x 0,7 = 2,1<br>1 x 3 = 3 | | | | 26,7 |
| 7 | Секциско предавање на научен собир | 5 x 2 | | | | 10 |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер) | 1 x 1 | | | | 1 |
| 10 | Одбранета докторска теза | 8 | | | | 8 |
| 11 | Одбранета специјализација | 6 | | | | 6 |
| 20 | Член на организациски или научен одбор на научен собир | 2 x 1 | | | | 2 |
| 23 | Студиски престој во странство | 8 | | | | 8 |
| | **Вкупно** | | | | | **81,7** |
| Р. бр. | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 13 | Учесник во научен проект | 1 x 5 | | | | 5 |
| 19 | Стручни награди и признанија | 4 | | | | 4 |
| 26 | Раководител на катедра/оддел/центар | 3 | | | | 3 |
| 29 | Член на институтски орган, комисија | 2 x 2 | | | | 4 |
| | **Вкупно** | | | | | **16** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **97,7 бода** | | | | |

## Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИРУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2002-66/12 од 11.3.2025 година, донесена на 334. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 11.3.2025 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област хирургија (3.02.00.27) на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- **проф. д-р Андреја Арсовски**, насловен вонреден професор за наставно-научната област торакална хирургија, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип – претседател;
- **проф. д-р Ацо Димов**, редовен професор во пензија, наставно-научна област општа и детска хирургија – член;
- **проф. д-р Влатко Цветановски**, насловен вонреден професор за наставно-научната област кардиоваскуларна хирургија, вработен во ПЗУ „Ремедика“ во Скопје – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ на 27.2.2025 година. Во предвидениот рок се пријавија двајца кандидати:

- **доц. д-р Илија Милев,** доктор на медицински науки;
- **доц. д-р Стефан Петровски**, доктор на медицински науки.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Д-р Илија Милев** е роден на 5.3.1975 година во Штип, каде што го завршил основното и средното образование, со континуиран одличен успех (5.00).

Во учебната 1993/1994 година се запишал на Медицински факултет во Скопје. Дипломирал на 4.11.1999 година со просечен успех 8.53 и притоа се стекнал стручно звање доктор на медицина.

По положувањето на стручниот испит на 20.12.2000 година и добивањето на лиценцата работел како волонтер со полно работно време во Јавна здравствена организација (ЈЗО) Медицински центар – Штип, најпрво во Службата за општа медицина, а потоа на Одделението за оториноларинголошки (ОРЛ) заболувања.

Во учебната 1999/2000 година бил ангажиран како професор по предметот Гинекологија со акушерство во Државното средно медицинско училиште „Јане Сандански” – Штип. Наредните две учебни години бил ангажиран во истото училиште како професор по предметот Хигиена со нега на болен.

Волонтерскиот стаж на Одделението за ОРЛ заболувања му завршил на 11.6.2002 година, кога се вработил во работната единица (РЕ) за Итна медицинска помош со домашно лекување при ЈЗО Медицински центар – Штип. Од 1 септември 2003 година бил упатен на специјализација по општа хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје. На 25.1.2008 година го положил специјалистичкиот испит по специјалноста општа хирургија и се стекнал со стручно звање специјалист по општа хирургија. По континуирана 4-годишна работа како хирург во РЕ Хируршки болести при Јавна здравствена установа (ЈЗУ) Клиничка болница - Штип, на 2.5.2012 година бил упатен на супспецијализација по дигестивна хирургија на Клиниката за дигестивна хирургија во Скопје. На 2.6.2014 година го положил супспецијалистичкиот испит по дигестивна хирургија и се стекнал со стручно звање супспецијалист по дигестивна хирургија. До овој момент работи како општ и дигестивен хирург на Одделот за хируршки болести при ЈЗУ Клиничка болница – Штип, а од 6.6.2024 година е поставен за раководител на Одделот за хируршки болести.

Во мај 2010 година бил избран во звање помлад асистент за наставно-научното подрачје хирургија, а во мај 2013 година е избран во звањето асистент (специјалист) за наставно-научното подрачје хирургија на Факултетот за медицински науки (ФМН) при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Во септември 2020 година е избран во звање насловен доцент за наставно-научното подрачје хирургија, а во јуни 2021 година е избран во наставно-научно звање доцент за наставно-научната област хирургија на ФМН при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Врз основа на оваа Одлука од 2.6.2021 година, доцент д-р Илија Милев заснова работен однос со Универзитетот „Гоце Делчев" на работно место наставник – доцент од наставно-научната област хирургија на ФМН, со скратено работно време од 5 часа неделно, а преостанатото работно време до 35 часа неделно го извршува како општ и дигестивен хирург во ЈЗУ Клиничка болница – Штип.

Во 2014 година се запишал на докторски студии на Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, студиска програма Клиничка медицина од областа на дигестивната хирургија. На 25.1.2019 година успешно ја одбранил докторската дисертација со наслов „Предоперативни предиктивни фактори за безбедна лапароскопска апендектомија" под менторство на проф. д-р Александар Караѓозов и се стекнува со академски степен доктор на медицински науки.

За време на работниот век, повеќе пати бил на усовршување, особено во областа на лапароскопската хирургија. Од 13 март до 10 април 2011 година успешно завршил тренинг курс од областа на абдоминалната и лапароскопската хирургија во Ankara Numune болницата во Анкара, Република Турција. Од 3 декември до 28 декември 2012 година успешно завршил курс од областа на лапароскопската хирургија во Florence Nightingale болницата во Истанбул, Република Турција.

Од 21.7.2017 година до 25.7.2017 година остварил студиски престој на St. Elisabeth's Hospital, Appleton, Wisconsin во САД. Дополнително таму успешно завршил и тренинг курс од областа на роботската хирургија со DaVinci Robotic Simulator.

Д-р Илија Милев е автор и коавтор на повеќе стручни и научни трудови објавени во странски и домашни списанија со меѓународен уредувачки одбор.

**Општи услови за избор:**

- Просечен успех – додипломски студии 8,53.
- Научен степен – доктор на медицински науки. Докторската дисертација со наслов „Предоперативни предиктивни фактори за безбедна лапароскопска апендектомија“ е одбранета на 25.1.2019 година на Медицинскиот факултет во Скопје.
- Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со Законот за високото образование во последните пет години пред објавување на огласот за избор:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание / конференција | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Milev, Ilija and Velikj Stefanovska, Vesna and Mitevski, Aleksandar and Karagjozov, Panche and Mihailov, Marjan (2022) | The predictive role of selective laboratory parameters for the occurance of “unwanted events” in adults with laparoscopic appendectomy | Journal of Morphological Sciences, 5 (1). pp. 64-74. ISSN 2545-4706 | 7 години |
| 2 | Milev, Ilija and Mitevski, Aleksandar and Karagjozov, Panche (2022) | Delorme procedure for full thickness rectal prolapse with complete fecal incontinence: a report of two cases | Journal of Morphological Sciences, 5 (3). pp. 13-19. ISSN 2545-4706 | 7 години |
| 3 | Milev, Ilija and Velikj Stefanovska, Vesna and Kostovski, Ognen and Mitevski, Aleksandar and Karagjozov, Panche and Petrovski, Stefan (2023) | The utilization of Alvarado, AIR and RIPASA scoring systems in adults with acute appendicitis treated with laparoscopic appendectomy | Journal of Morphological Sciences, 6 (2). pp. 120-132. ISSN 2545-4706 | 7 години |
| 4 | Mitevski, Aleksandar and Milev, Ilija and Tahir, Senol and Trokovski , Nikola and Markov, Petar and Nikoloska, Katerina (2020) | Transversus abdominis release:a case report | Medicus. ISSN 1409-6366 | 21 година |
| 5 | Petrovski, Stefan and Serafimov, Aleksandar and Adzi-Andov, Ljubica and Simeonovska Joveva, Elena and Karakolevska Ilova, Marija and Milev, Ilija (2023) | Factors Influencing Recurrence Rate and Survival of Patients with Colorectal Metastases after Liver Resection | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 11 (B). pp. 755-759. ISSN 1857-9655 | 12 години |
| 6 | Mitevski, Aleksandar and Cvetanovski, Vlatko and Markov, Petar and Milev, Ilija (2024) | Transanal Hemorrhoidal Dearterialization (THD): A Single Center Experience on 100 Consecutive Cases | Lietuvos chirurgija, 23 (1). pp. 34-39. ISSN 1392–0995 | 32 години |

- Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик – англиски јазик.
- Бил претходно избран во звање доцент - Со Одлука бр. 2002-148/5 од 9.9.2020 година бил избран во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област хирургија, а следната година со Одлука бр. 2002-182/26 од 2.6.2021 г. е избран во наставно-научно звање доцент за наставно-научната област хирургија на ФМН при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

- Способност за изведување на високообразовна дејност – д-р Илија Милев има 15-годишна академска кариера, со континуиран ангажман на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип најпрво како асистент и на крајот како доцент за наставно-научната област хирургија.

**Посебни услови:**

- Д-р Илија Милев е еден од авторите на учебникот „Општа хирургија" издаден на Факултетот за медицински науки во 2024 година (Одлука за усвојување на извештајот – рецензија на ракопис за учебник „Општа хирургија" бр. 2002-149/76 од 8.7.2024 г.) наменет за студентите на Општа медицина, Дентална медицина, Медицински сестри/техничари и Акушерки.
- Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати - во тек на 2024 г. и тековно е ангажиран како главен истражувач во интернационалниот научноистражувачки проект – „Phase III Prospective, Multinational, Multicenter, Randomized, Controlled, Two-arm, Double Blind Study to Asses Efficacy and Safety of D-PLEX Administrated Concomitantly with Standard of Care (SoC), Compared to SoC Treated Control Arm in Prevention of Post Abdominal Surgery Incisional Infection".
- Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници - во склоп на ангажманот на Факултетот за медицински науки доцент д-р Илија Милев бил ментор на бројни дипломски трудови и член на повеќе комисии за одбрана на дипломски трудови на студенти по општа медицина, бил и е ментор и на специјалистички трудови од втор циклус, ангажиран е и во спроведувањето на специјализациите на Факултетот за медицински науки како ментор и едукатор.
- Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=30; (НИ)=52.1; (САОР)=52 или вкупно 134.1 поени.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Со Одлука бр. 2502-60/35 од 11.5.2010 година бил избран во звање помлад асистент за наставно-научното подрачје хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Со Одлука бр. 2502-94/5 од 7.5.2013 година е избран во звањето асистент (специјалист) за наставно-научното подрачје хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Со Одлука бр. 2002-148/5 од 9.9.2020 година бил избран во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област хирургија на ФМН при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, а следната година со Одлука бр. 2002-182/26 од 2.6.2021 г. е избран во наставно-научно звање доцент за наставно-научната област хирургија на ФМН при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Врз основа на оваа Одлука од 2.6.2021 година, доцент д-р Илија Милев заснова работен однос со Универзитетот „Гоце Делчев" на работно место наставник – доцент од наставно-научна област хирургија на Факултетот за медицински науки со скратено работно време од 5 часа неделно, а преостанатото работно време до 35 часа неделно го извршува како општ и дигестивен хирург во ЈЗУ Клиничка болница – Штип.

До изборот во звање доцент, кандидатот учествувал во наставата на прв и втор циклус на ФМН, и тоа:

- *Прв циклус студии* – вежби по Хирургија 1, Хирургија 2, Клиничко испитување 2, Хируршка пропедевтика, Општа хирургија и Хирургија со рехабилитација;
- *Втор циклус студии* - Висока медицинска школа во рамките на ФМН: Нормативи и стандарди во оперативен блок.

Како доцент д-р Илија Милев е ангажиран во спроведувањето на наставата по предметите:

- *Прв циклус студии* – наставник по Хирургија 1, Хирургија 2, Клиничко испитување 2, Општа хирургија, Хирургија со нега и Хирургија со одбрани поглавја од ортопедија и трауматологија;
- *Втор циклус студии* - Висока медицинска школа во рамките на ФМН, како наставник по предметот Третман на рана – вакуум преврска.

Во склоп на ангажманот на ФМН доцент д-р Илија Милев бил ментор на бројни дипломски трудови и член во составот на повеќе комисии за одбрана на дипломски трудови на студенти по општа медицина. Бил и е ментор и на специјалистички трудови од втор циклус, а е ангажиран и во спроведувањето на специјализациите на Факултетот за медицински науки како ментор, едукатор и член на комисија за полагање на специјалистички испит. Д-р Илија Милев бил рецензент на скрипта издадена на ФМН, а бил член и на рецензетска комисија за избор во насловно звање насловен доцент на ФМН.

Низ годините, д-р Илија Милев активно и пасивно учествувал на повеќе симпозиуми, конгреси и семинари поврзани со хирургијата. Меѓу другото е постојан учесник на Интернационалниот симпозиум за колопроктологија, кој на секои две години се одржувал во Белград, Република Србија, почнувајќи од 2006 до 2016 година. Учествувал и на осмиот научен, годишен состанок на Европското здружение за колопроктологија во Белград, 2013 година, како и на деветтиот македонски конгрес за гастроентерологија и хепатологија со меѓународно учество во Охрид, 2012 година. Од поново време учесник е на вториот Конгрес на српската асоцијација на ендоскопски хирурзи со интернационална партиципација во Белград, 2019 година, а во 2020 година зел активно учество со постер презентација на виртуелниот конгрес на Европската асоцијација на ендоскопски хирурзи. Учесник е и на Националниот конгрес со меѓународно учество од областа на лапароскопската хирургија NAISA 2022 во Ниш, 2022 година, и дванаесеттиот Интернационален симпозиум за колопроктологија во Белград, 2023 година.

Д-р Милев учествувал и на стручниот состанок на Здружението на хирурзи на Р Македонија на 5 мај 2017 година во Штип со реферат – усна презентација на тема „Суптотална проктоколектомија со илеален пауч анална анастомоза (ИПАА) – златен стандард во хируршкиот третман на улцерозен колитис". Во рамките на Вториот конгрес на студенти по општа медицина при Универзитетот „Гоце Делчев" што се одржа во Штип од 9 до 10 мај 2019 година, исто така имал активно учество со реферат на работилницата „Запознавање со основи на лапороскопска хирургија". Од поновиот период, доцент д-р Милев активно учествувал на научниот собир - Втора академија за здравство со предавање на тема „Предоперативни предиктивни фактори за безбедна лапароскопска апендектомија" во јуни 2023 година, понатаму со предавање

на тема „Основи на лапароскопската хирургија – индикации и употреба" учествувал на Хируршката работилница организирана од страна на студентите по општа медицина од ФМН во декември 2023 година, а на Третиот студентски конгрес на Општа медицина во мај 2024 година во Штип зел активно учество со предавање на тема „Хируршки третман на колоректален карцином – наши искуства".

Д-р Илија Милев е автор и коавтор на повеќе стручни и научни трудови објавени во странски и домашни списанија со меѓународен уредувачки одбор. Сите објавени трудови на д-р Илија Милев се достапни во електронска форма на е-репозиториумот на УГД Штип и можат да се видат на следниов линк: https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Milev=3AIlija=3A=3A.html. Во тек на 2024 година и тековно е ангажиран како главен истражувач во интернационалниот научно-истражувачки проект – „Phase III Prospective, Multinational, Multicenter, Randomized, Controlled, Two-arm, Double Blind Study to Asses Efficacy and Safety of D-PLEX Administrated Concomitantly with Standard of Care (SoC), Compared to SoC Treated Control Arm in Prevention of Post Abdominal Surgery Incisional Infection".

**Објавени научни трудови во меѓународни научни списанија последните пет години:**

1. Milev, Ilija and Mitevski, Aleksandar and Karagjozov, Panche (2022) Delorme procedure for full thickness rectal prolapse with complete fecal incontinence: a report of two cases. Journal of Morphological Sciences, 5 (3). pp. 13-19. ISSN 2545-4706

Во трудот по сеопфатен и концизен приказ на етиопатогенезата, дијагнозата и можностите за третман на ректалниот пролапс, прегледно е прикажан третманот на две стари и изнемоштени пациентки со ректален пролапс и фекална инконтиненција. И во двата случаи во присуство на повеќе наведени коморбидни состојби е прикажан успешен трансперинеален третман на ректалниот пролапс со користење на методата според Delorme. Особено значајно е тоа што покрај задоволителниот морфолошки резултат е добиен и одлучен резултат во враќање на континентноста. Во заклучокот авторите наведуваат дека Delorme процедурата може лесно да биде совладана и усвоена од страна на хирурзите кои веќе имаат искуство со останатите аноректални хируршки процедури.

2. Milev, Ilija and Velikj Stefanovska, Vesna and Mitevski, Aleksandar and Karagjozov, Panche and Mihailov, Marjan (2022) The predictive role of selective laboratory parameters for the occurance of "unwanted events" in adults with laparoscopic appendectomy. Journal of Morphological Sciences, 5 (1). pp. 64-74. ISSN 2545-4706

Се работи за мултицентрична, проспективна, рандомизирана клиничка студија со 75 учесници, спроведена во две институции во двегодишен период со цел да се утврди поврзаноста помеѓу точно утврдени предоперативни лабораториски параметри кај испитаниците и појава на несакан тек при изведувањето на лапароскопската апендектомија поради акутен апендицитис. Во детално испланирана и систематизирана студија, бинарната анализа покажува сигнификантно повисоки вредности на: Ц – реактивниот протеин, серумскиот натриум и тоталниот серумски билирубин во групата со утврдено

присуство на несакани настани, а мултиплата логистичка регресиона анализа ја издвојува покачената вредност на тоталниот билирубин како независен предиктор за несакан интра и постоперативен тек кај пациентите со акутен апендицитис третирани со лапароскопска апендектомија. Во заклучокот се наведува дека во присуство на високи вредности на споменатите параметри мудро е да се донесе одлука за изведување на лапароскопската апендектомија во присуство на искусен хирург.

3. Milev, Ilija and Velikj Stefanovska, Vesna and Kostovski, Ognen and Mitevski, Aleksandar and Karagjozov, Panche and Petrovski, Stefan (2023) The utilization of Alvarado, AIR and RIPASA scoring systems in adults with acute appendicitis treated with laparoscopic appendectomy. Journal of Morphological Sciences, 6 (2). pp. 120-132. ISSN 2545-4706

Трудот претставува мултицентрична, проспективна, кохортна, рандомизирана клиничка студија со 75 учесници со цел да се утврди кој од трите актуелни бодовни системи за дијагностицирање на акутен апендицитис: Alvarado, AIR и RIPASA е најприменлив за популацијата во Македонија. Истовремено се утврдува и можноста вредностите на овие системи да се искористат во предвидување на компликациите при примената на лапароскопската апендектомија, Низ детална статистичка анализа се покажува дека иако несигнификанто, RIPASA бодовниот систем е најсензитивен при поставување на дијагнозата и треба да биде прв избор кога се размислува за примена на погоден скор систем за дијагностицирање на акутниот апендицитис кај популацијата во нашата земја. Од друга страна, анализата покажува дека наведените системи не можат да се искористат за предвидувања на несакан интраоперативен и постоперативен тек кај пациенти со акутен апендицитис третирани со лапароскопска апендектомија.

4. Mitevski, Aleksandar and Milev, Ilija and Tahir, Senol and Trokovski , Nikola and Markov, Petar and Nikoloska, Katerina (2020) Transversus abdominis release:a case report. Medicus. ISSN 1409-6366

Можностите за третман на големите вентрални хернии често се ограничени. Овој труд прикажува успешна имплементација на современа техника за третман на вентрална хернија со ослободување на mm. transversus abdominis и дисекција во преперитонеалниот простор се до постериорната аксиларна линија. На овој начин се добива можност за затворање на исклучително големи дефекти на предниот абдоминален ѕид со помалку оперативна траума што е предуслов за успешно и брзо постоперативно закрепнување со помалку компликации. Во заклучокот се наведува дека техниката на третман на вентрална хернија со ослободување на трансверзалниот абдоминален мускул треба да биде усвоена од секој хирург што сака да се занимава со значителни реконструкции на предниот абдоминален ѕид.

5. Petrovski, Stefan and Serafimov, Aleksandar and Adzi-Andov, Ljubica and Simeonovska Joveva, Elena and Karakolevska Ilova, Marija and Milev, Ilija (2023) Factors Influencing Recurrence Rate and Survival of Patients with Colorectal Metastases after Liver Resection. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 11 (B). pp. 755-759. ISSN 1857-9655

Овој труд ја покажува рекурентната стапка на оперирани пациент со метастази на црн дроб од колоректален карцином. Постоперативната рекуренција е, исто така, многу висока и во поголем број на проспективни

студии се движи од 50-70%, а рересекцијата се издвојува како единствен метод на куративно лекување. Голем број на прогностички фактори: бројот на колоректални метастази, големината и нивната локализација се уште немаат јасно влијание на постоперативната рекуренција, но имплицираат помало или подолго петгодишно преживување. Техничката можност за R0 ресекција е златен стандард за превенција од локален рецидив, додека типот на ресекција, нејзиниот екстензитет се уште немаат јасна предикција на долгогодишно преживување. Неанатомска ресекција или анатомска ресекција, во различни студии имаат компаративни резултати, но анатомската ресекција се смета за златен стандард заради обезбедување на јасна трансекциона линија. Големината на ресекцијата не обезбедува помала постоперативна рекуренција.

6. Mitevski, Aleksandar and Cvetanovski, Vlatko and Markov, Petar and Milev, Ilija (2024) Transanal Hemorrhoidal Dearterialization (THD): A Single Center Experience on 100 Consecutive Cases. Lietuvos chirurgija, 23 (1). pp. 34-39. ISSN 1392–0995

Се смета дека хемороидалното заболување во каква било форма е присутно кај повеќе од 50% од популацијата. Трансаналната хемороидална деартеријализација со помош на Доплер е современ начин на третман на хемороидалната болест. Трудот опишува успешна примена на наведената техника кај значителна бројка на пациенти со минимална стапка на морбидитет и рецидив на болеста, со исклучително поволни ефекти во брзината на постоперативното закрепнување и интензитетот на постоперативната болка. Значајно е што поголем број се пациенти во четврти стадиум на болеста. Во заклучокот се наведува дека ако оваа техника се применува според утврдените стандарди и ако има дисциплинирана соработка од пациентите особено во првиот месец шансите за компликации се минимални наспроти огромен процент на успех во третманот.

***Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност***

Во рамки на научноистражувачката дејност, Рецензентската комисија констатира дека доцент д-р Илија Милев е научен истражувач со резултати кои придонесуваат во областа на општата и дигестивната хирургија. Учествувал на неколку меѓународни научни конференции, научни и стручни собири и работилници, во земјава и во странство, со постери и усни презентации. Автор или коавтор е на повеќе научни трудови и стручни трудови, но и раководител на интернационален научноистражувачки објект.

Во рамки на наставно-педагошката дејност, Милев дал значаен придонес како наставник на сите предмети од областа на хирургијата од прв циклус на студии при ФМН, како и предмет од втор циклус на Високата медицинска школа.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во изборниот период кандидатот ги има реализирано следниве стручно и организациско-развојни активности.

Издадена книга/учебник:

7. Доцент д-р Илија Милев е еден од авторите на учебникот „Општа хирургија", издаден на Факултетот за медицински науки во 2024 година

(Одлука за усвојување на извештајот – рецензија на ракопис за учебник „Општа хирургија" бр. 2002-149/76 од 8.7.2024 г.).

Труд во стручно (научно-популарно) списание:

8. Milev, Ilija (2020) Квалитетот на животот наспроти должноста за зачувување на човековиот живот. Medicus, информативен гласник на јавното здравство - Штип (30). pp. 10-13. ISSN 1857-5994.

Пленарно предавање на стручен собир:

9. Предавање на тема „Основи на лапароскопската хирургија – индикации и употреба" на Хируршката работилница организирана од студенти во јуни 2023 година.

Учесник во проект:

10. Проект на УНДП:  Креирање на можности за работа за сите

**Активност:** Обуки за  грижа и нега на лица со Алцхајмерова болест, грижа и нега на лица со мултиплекс склероза, грижа за стари лица, палијативна грижа.

11. Проект на УНДП: Зелен инклузивен раст за одржлив развој

**Активност:** Обуки за грижа и нега на лица со Алцхајмерова болест, грижа и нега на лица со мултиплекс склероза, грижа за стари лица, палијативна грижа.

12. Агенцијата за вработување - Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот - обезбедување и креирање на нови работни места и зголемување на вработливоста на невработените лица, посебно на младите, долгорочно невработените и корисниците на гарантирана минимална помош.

**Активност:** Обуки за грижа и нега на лица со Алцхајмерова болест, грижа и нега на лица со мултиплекс склероза, грижа за стари лица, палијативна грижа.

Раководител на катедра/оддел/центар:

13. Од 6.6.2024 г. со Решение бр. 04-06 од 4.6.2024 година е поставен за раководител на Одделот за хируршки болести при ЈЗУ Клиничка болница Штип.

Член на универзитетски или владини тела:

Од 23.6.2023 г. е избран за делегат во Собранието на Лекарската комора на Ребулика Северна Македонија (Уверение бр. 1901-3592/2 од 23.6.2022 г. Скопје).

Член е на следните институциски органи:

14. Лекарската комора на Република Македонија и

15. Македонското лекарско друштво.

Членство во институциски комисии:

16. Комисија за следење и контрола на антибиотска резистенција при ЈЗУ Клиничка болница – Штип (Решение бр. 04-2-27/1 од 7.10.2024 г.);

17. Комисија за набавка на лекарства и медицински потрошен материјал при ЈЗУ Клиничка болница – Штип (Решение бр. 03-1727/1 од 3.9.2024 г.).

Во насока на **техничко унапредување** во изборниот период 2020 – 2025 година, наведените хируршки процедури беа за прв пат изведени и воведени на Одделот за хируршки болести при ЈЗУ Клиничка болница Штип од страна на доцент д-р Илија Милев (Потврда бр. 03-812/1):

18. Лапароскопска ниска предна ресекција на ректум за третман на ректален карцином.

19. Лапароскопска висока предна ресекција на ректум за третман на карцином на сигмоидниот колон.

20. Delorme – процедура за хируршки третман на ректален пролапс со трансперинеален пристап.

21. TAR (Transversus abdominis release) – процедура за третман на вентрална хернија.

22. IPOM (Intraperitoneal Onlay Mesh) PLUS – процедура за лапароскопски третман на епигастрична хернија со композитна полипропиленска мрежа и интракорпорална сутура на килниот отвор.

23. IPOM (Intraperitoneal Onlay Mesh) PLUS – процедура за лапароскопски третман на инцизионална хернија со композитна полипропиленска мрежа и интракорпорална сутура на килниот отвор.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која и беше доставена.

По прегледот на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот доцент д-р Илија Милев, во целост ги исполнува општите и посебните услови предвидени со позитивните законски прописи за избор во звање, вонреден професор за наставно-научната област хирургија. Констатираме дека кандидатот доцент д-р Илија Милев во периодот по изборот во доцент до денес успешно продолжува со континуирано научно унапредување остварувајќи забележителни резултати како во научноистражувачката, така и во наставно-образовната и во стручно-апликативната дејност.

Имајќи ги предвид претходно изложените факти во овој извештај, освоените поени на активности на кандидатот во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и врз база на личното познавање на кандидатот, имаме чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип да му предложиме да го избере доцент д-р Илија Милев во звањето вонреден професор за наставно-научната област хирургија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Андреја Арсовски, насловен вонреден професор, претседател, с.р.
Д-р Ацо Димов, редовен професор во пензија, член, с.р.
Д-р Влатко Цветановски, насловен вонреден професор, член, с.р.

**ПРИЛОГ**
**Табела за вреднување на активностите на д-р Илија Милев, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1 | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | ВКУПНО | | | | | 30 |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | 2 (x 9)<br>1 (x 6.3)<br>1 (x 4.2)<br>1 (x 2.1)<br>1 (x 3) | 18<br>6.3<br>4.2<br>2.1<br>3 | | | 33.6 |
| 2 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | 2 | 3 | | | 6 |
| 3 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство | 2 | 2 | 1 | 1.5 | 3.5 |
| 4 | Раководител на научен проект | | | 1 | 6 | 6 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати објавен во зборник на трудови на научен собир | | | 1 | 3 | 3 |
| | ВКУПНО | | | | | 52.1 |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1 | Книга/учебник | 1 | 10 | | | 10 |
| 2 | Труд во стручно (научно-популарно) списание | 1 | 2 | | | 2 |
| 3 | Пленарно предавање на стручен собир | 1 | 2 | | | 1 |
| 4 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 3 | 5 | | | 15 |
| 5 | Техничко унапредување | 6 | 2 | | | 12 |
| 6 | Раководител на катедра/оддел/центар | 1 | 3 | | | 3 |
| 7 | Член на универзитетски или владини тела | 1 | 5 | | | 5 |
| 8 | Член на институтски орган, комисија | 2 | 2 | | | 4 |
| | ВКУПНО | | | | | 52 |
| | ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ | | | | | 134.1 |

## РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ФИНАНСИИ (5.02.00.07) НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1202-48/4 од 10.4.2025 година донесена на 263. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 9.4.2025 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област ***финансии*** на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип во следниов состав:

- **проф. д-р Марија Гогова-Самоников**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (претседател);
- **проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (член);
- **проф. д-р Владимир Филиповски**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Слободен печат” и „Коха“ на 14.3.2025 година и во предвидениот рок се пријави д-р Мила Митрева, асистент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Пријавата ја разгледавме внимателно и утврдивме дека кандидатката д-р Мила Митрева, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во целост ги има доставено следниве документи:

1. Диплома за завршен трет циклус студии од Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - оригинал и три копии заверени на нотар;
2. Додаток на диплома за завршен трет циклус студии - оригинал и три копии заверени на нотар;
3. Уверение за положени испити од трет циклус студии од Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - оригинал и три копии заверени на нотар;
4. Диплома за завршен втор циклус студии од Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип - оригинал и три копии заверени на нотар;
5. Додаток на диплома за завршен втор циклус студии - оригинал и три копии заверени на нотар;
6. Уверение за положени испити од втор циклус студии од Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип - оригинал и три копии заверени на нотар;
7. Диплома за завршен втор циклус студии од University of Sheffield - оригинал и три копии заверени на нотар;
8. Уверение за положени испити од втор циклус студии од University of Sheffield - оригинал и три копии заверени на нотар;
9. Решение за нострификација и еквиваленција на диплома од втор циклус студии од University of Sheffield - оригинал и три копии заверени на нотар;
10. Диплома за завршен прв циклус студии од University of Sheffield - оригинал и три копии заверени на нотар;
11. Уверение за положени испити од прв циклус студии од University of Sheffield - оригинал и три копии заверени на нотар;
12. Решение за нострификација и еквиваленција на диплома од прв циклус студии - оригинал и 3 копии заверени на нотар;
13. Биографија - во четири примероци;

14. Список на трудови;
15. Потврда за познавање на странски јазик (англиски) - IELTS-копија заверена на нотар;
16. Потврда за познавање на странски јазик (англиски) од Институтот за јазици при Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип - копија заверена на нотар;
17. Потврда дека јазикот на настава на првиот циклус на образование е на англиски јазик;
18. Три препораки од професори (од проф. д-р Стеван Габер, проф. д-р Илија Груевски и проф. д-р Petros Golitsis);
19. Уверение за државјанство;
20. Потврда за реализирана пракса во НЛБ Тутунска банка;
21. Одлука за избор во звање асистент бр.1202-152/4 од 19.12.2019 г. и Одлука за избор во звање асистент бр. 1202-114/3 од 12.10.2022 година;
22. Договори за вработување од 23.12.2019 г. и 14.10.2022 г.;
23. Одлука за распишување Конкурс за избор на еден наставник во научна област финансии, бр. 1202-38/3 од 17.2.2025 г.;
24. Записник од извршен попис 1205-121/1 од 6.12.2024 г.;
25. Одлука од Економски факултет бр. 0201-644/53 од 6.9.2024 г. за формирање Работна група за прв академски час за учебната 2024/2025 год.;
26. Одлука од Економски факултет бр. 1202-73/4 од 20.6.2024 г. за формирање Комисија за самоевалуација на Економски факултет;
27. Одлука од Економски факултет бр. 1202-73/3 од 20.6.2024 г. за организирање на Четврта меѓународна конференција ICBEF;
28. Одлука од Економски факултет бр. 0201-179/6 од 8.2.2024 г. за усвојување на План за теренска активност на УГД во средните училишта;
29. Одлука бр. 1202-43/12 од 13.2.2023 г. за списанието „Journal of Economics“;
30. Одлука од Економски факултет бр. 0201-1604/19 од 31.10.2023 г. за усвојување на Предлог за формирање Работна група и план за презентација на УГД во средните училишта;
31. Одлука од Економски факултет бр. 0201-812/22 од 5.9.2023 г. за формирање Работна група за прв академски час за учебната 2023/2024 год.;
32. Решение од Економски факултет бр. 0204-420/1 од 11.4.2023 г. за формирање Работна група за организација на настан 120 години од смртта на Гоце Делчев;
33. Решение од Економски факултет бр. 0204-287/1 од 6.3.2023 г. за формирање Работна група за организација на настан Патронен празник на УГД;
34. Решение од Економски факултет бр. 0204-750/1 од 17.11.2022 г. за формирање Работна група за организација на настан УГД форум за развој на образование;
35. Решение од Економски факултет бр. 0204-615/1 од 3.10.2022 г. за формирање Работна група за организација на настан Прв академски час;
36. Одлука од Економски факултет бр. 1202-119/13 од 21.10.2022 г. за одобрување на отсуство поради студиски престој на универзитетот University of York Europe Campus;
37. Одлука бр. 1202-92/5 од 25.8.2022 г. за одобрување отсуство за учество на конференција „9th REDETE Conference 2022”;

38. Одлука бр. 1202-56/4 од 24.3.2023 г. за одобрување отсуство за учество на Конференција „MICEB” во Будва, Црна Гора;

39. Други одлуки;

40. Сертификат за рецензент од Journal of Infrastructure, Policy and Development од 21.11.2024 г. и од Theoretical Economics Letters од 19.9.2024 г.;

41. Сертификат за учество на конференција 10th ICES Conference од 24.10.2022 г.;

42. Сертификат за учество на обука за финансиска писменост од CEFE Македонија од 12.2023 година;

43. Сертификат за значаен придонес за организација на прв академски час Бруцошка на УГД, 2024 г.;

44. Сертификат за учество на Глобална конференција за претприемништво од 26.6.2024 г.;

45. Сертификат за учество на конференција 7th International Scientific Conference on Business and Economics (ISCBE 2024);

46. Сертификат за учество на конференција 7th International Scientific Conference-Challenges of Tourism and Business Logistics in 21st century од 17.5.2024 г.;

47. Писмо за потврда за реализиран студиски престој од 30.11.2022 г.;

48. Сертификат за учество на IAI Academic Conference, Syracuse University, Florence од 20.6.2023 г.;

49. Благодарница за организација на прв академски час Бруцошка на УГД од 30.10.2022 г.;

50. Писмо за прифаќање на апстракт за конференцијата 1st Montenegrin International Conference on Economics & Business (MICEB) од 3.4.2023 година;

51. Сертификат за учество на 9th REDETE Conference од 16.9.2022 г.;

52. Копија од докторскиот труд од Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - *Влијанието на институционалните инвеститори врз пазарот на капитал и економскиот раст;*

53. Копија од магистерски труд од УГД - *Влијанието на трансформациското лидерство врз стратегијата на развој на организацијата;*

54. Копија од магистерски труд од University of Sheffield-*Financial system development and its association with the State Governance aspects for all transition economies;*

55. По еден примерок од трудовите/конференциите/проектите.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економски факултет да му го поднесеме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**Биографски податоци**

Кандидатката д-р Мила Митрева е родена на 28.3.1996 година во Штип. Основно образование завршила во ОУ „Ванчо Прќе” - Штип во 2010 година. Средно образование завршила во Гимназијата „Славчо Стојменски” - Штип во 2014 година.

Во 2014 година се запишала на прв циклус академски студии од областа на бизнис студии (Сметководство и финансии) на Универзитетот Шефилд, каде што дипломирала во 2017 година со просечен успех 8,54. Истата година го продолжила своето образование на втор циклус академски студии на

отсекот Банкарство и финансии при Универзитетот „Шефилд“. Во 2019 година се стекнала со титулата магистер на науки од областа на банкарството и финансиите, со просечен успех 9,27, со тема на магистерскиот труд „Financial System Development and its Association with the State Governance Aspects for All Transition Economies“. За време на постдипломските студии била вброена меѓу 15-те најдобри студенти од својата генерација и била назначена на „Head List“ на факултетот.

Паралелно, во академската 2017/2018 година се запишала и на втор циклус академски студии, насока МБА-менаџмент, на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“. Овие студии ги завршила во 2019 година со просечен успех 9,93, одбранувајќи го магистерски труд на тема „Влијанието на трансформациското лидерство врз стратегијата на развој на организацијата“ со што се стекнува со академско звање магистер на економски науки.

Во академската 2020/2021 година го продолжила своето образование на трет циклус студии на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во научната област економски науки - отсек Финансии. На 7.6.2024 година успешно ја одбранила докторската дисертација на тема „Влијанието на институционалните инвеститори врз пазарот на капитал и економскиот раст“, со што се стекнала со академското звање доктор по економски науки.

Кандидатката својата наставно-научна кариера ја започнува на 23.12.2019 година, на работно место соработник/асистент на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Согласно со Одлука број 1202-114/3 од 12.10.2022 г., кандидатката е реизбрана во звање асистент за наставно-научните области финансии и банкарство. Во поглед на претходно работно искуство, кандидатката има работено во „Агрофила“ Дооел Штип во периодот од 2018 до 2019 година. Во 2017 година има реализирано пракса во НЛБ Тутунска банка.

Кандидатката своето образование на прв и втор циклус студии го има завршено на англиски јазик, за што има соодветна потврда, меѓутоа дополнително поседува сертификат за познавање на англиски јазик (IELTS) и потврда за познавање на англиски јазик издадена од Филолошки факултет, Институт за јазици.

**Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставностручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип**

**Општи услови за избор:**

- **Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус.**

Д-р Мила Митрева на прв циклус студии на Универзитетот „Шефилд“ има остварен просечен успех од 8.54.

*За дипломата од прв циклус студии кандидатката поседува Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство бр. УП 1 бр. 15-499 и УП 124-3941 издадена од Министерство за образование и наука.*

Д-р Мила Митрева на втор циклус студии на Универзитетот „Шефилд“ има остварен просечен успех од 9.27 и стекнат научен степен магистер на науки од областа на банкарство и финансии.

*За дипломата од втор циклус студии кандидатката поседува Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство бр. УП 124-3268 издадена од Министерство за образование и наука.*

Д-р Мила Митрева на втор циклус студии на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, има остварен просечен успех од 9.93 и стекнат научен степен магистер на науки од областа МБА менаџмент.

- **Стекнат научен степен доктор на науки од научната област за која се избира.**

Д-р Мила Митрева на трет циклус студии има остварен просечен успех од 10.00 и стекнат научен степен доктор на економски науки, при што јавно ја одбранила докторската дисертација на 7.6.2024 година на Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Докторската дисертација е од областа финансии со наслов *„Влијанието на институционалните инвеститори врз пазарот на капитал и економскиот раст“*.

- **Објавени најмалку четири научни труда во референтна научна публикација согласно со Законот за високото образование во последните 5 (пет) години пред објавувањето на огласот за избор.**

Во текот на двата изборни периода како асистент (од 2019 до 2024 година), кандидатката д-р Мила Митрева има објавено вкупно 33 научни труда, од кои 32 се во последните 5 години (2020-2025). Од вториот реизбор во звање асистент, од 2022 година до денес, таа има објавено 20 труда, кои се прикажани во табелата под редните броеви од 1 до 20. Сите трудови се достапни на е-репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев“, како и на платформите ResearchGate, Google Scholar и ORCID кои може да се погледнат на следните линкови:

- Е-репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев“: https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Mitreva=3AMila=3A=3A.html
- ResearhGate: https://www.researchgate.net/profile/Mila-Mitreva?ev=hdr_xprf
- Google Scholar: https://scholar.google.com/citations?user=CFNAAPkAAAAJ&hl=en&oi=ao
- ORCID: https://orcid.org/0009-0003-2442-3008

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Научна публикација (списание) | Година и линк |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Fotova Čiković, Katerina and Cvetkoska, Violeta and Mitreva, Mila (2024) | *Investigating the Efficiency of Insurance Companies in a Developing Country: A Data Envelopment Analysis Perspective* | Economies 2024, Volume 12, Issue 6, 128. ISSN 2227-7099, pp. 1-20. **Indexing: Scopus, ESCI (Web of Science),** EconLit, EconBiz, RePEc, and other databases. **Scientific Journal Rank (SJR): 0.5 Impact Factor: 2.1 (2023); 5-Year Impact Factor: 2.2 (2023)** | 2024, https://eprints.ugd.edu.mk/34164/ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | Jovanov, Tamara and Mitreva, Mila and Fotova, Čiković, Katerina (2024) | *Crafting future entrepreneurs from emerging adults: what matters more - personality or context?* | International Journal of Education Economics and Development, 15 (1/2). pp. 31-56. ISSN 1759-5681 **Indexing: Scopus (Elsevier)**, Academic OneFile (Gale), cnpLINKer (CNPIEC), EconLit (American Economic Association), Expanded Academic ASAP (Gale), Google Scholar, ACER (Australian Council for Educational Research), IBSS [International Bibliography of the Social Sciences] (Proquest), Info Trac (Gale), J-Gate, RePEc, Research into Higher Education Abstracts; **Scientific Journal Rank (SJR) by Scopus 0.18 (2023)** | 2024, https://eprints.ugd.edu.mk/33323/ |
| 3 | Fotova Čiković, Katerina and Mitreva, Mila and Keček, Damira (2024) | *The Impact of Mergers and Acquisitions on Efficiency and Performance in Banking: Empirical Evidence from Croatia* | Navigating Economic Uncertainty - Vol. 1. ISCBE 2024. Springer Proceedings in Business and Economics. ISSN: 2198-7254, pp. 199-222 **Indexing: Scopus (Elsevier) Scientific Journal Rank (SJR): 0.15** | 2024, https://eprints.ugd.edu.mk/35400/ |
| 4 | Mitreva, Mila and Davcev, Ljupco and Gogova Samonikov, Marija (2024) | *Impact of institutional investors on capital markets in selected European countries.* | Review of Socio-Economic Perspectives, 9 (1). pp. 29-37. ISSN 2149-9276 Indexing: Advanced Science Index, Crossref, DRJI (Directory of Research Journals Indexing), Econbiz, ECONIS, ERIH PLUS (European Reference Index for the Humanities and Social Sciences), Google Scholar, Index Copernicus International, RePEc (Research Papers in Economics), Research Bible, Ulrich's Periodicals Directory | 2024, https://eprints.ugd.edu.mk/34325/ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | Davcev, Ljupco and Mitreva, Mila and Davcev, Aleksandar (2024) | *Modern trends, financial innovations and determinants of variability in banking operations* | Knowledge International Journal, 63 (1). pp. 91-97. ISSN 2545-4439<br><br>Indexing: EBSCO and others | 2024, https://eprints.ugd.edu.mk/33974/ |
| 6. | Davcev, Ljupco and Davcev, Aleksandar and Mitreva, Mila (2024) | *Principles of banking operations* | Knowledge International Journal, 63 (1). pp. 85-90. ISSN 2545-4439<br>Indexing: EBSCO and others | 2024, https://eprints.ugd.edu.mk/33975/ |
| 7 | Mitreva, Mila (2023) | *The importance of insurance companies for the capital market development and economic growth in North Macedonia* | Economic Development-Journal of the Institute of Economics Skopje, 25 (3/2023). pp. 47-59. ISSN 1857-7741<br><br>Indexing: EBSCO and others | 2023, https://eprints.ugd.edu.mk/33134/ |
| 8 | Davcev, Ljupco and Mitreva, Mila and Davcev, Aleksandar (2023) | *The financial system and its end users* | Knowledge International Journal, 61 (1). pp. 141-146. ISSN: 2545-4439<br><br>Indexing: EBSCO and others | 2023, https://eprints.ugd.edu.mk/33126/ |
| 9 | Radev, Ljubomir and Golitsis, Petros and Mitreva, Mila (2023) | *Economic and Financial Determinants of Gold ETF Price Volatility on the U.S. Futures Market (COMEX)* | Journal of Economics, 8 (2). pp. 12-26. ISSN: 1857-9973<br><br>Indexing: EBSCO | 2023, https://eprints.ugd.edu.mk/32665/ |
| 10 | Koleva, Blagica and Mitreva, Mila (2023) | *Digitalization in accounting-danger, challenge or trend* | Academic Journal Management and Education, 19 (1). pp. 13-20. ISSN: 1312-6121<br><br>Indexing: EBSCO | 2023, https://eprints.ugd.edu.mk/31953/ |
| 11 | Jovanov, Tamara and Fotova Cikovikj, Katerina and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) | *Mass media usage from emerging adults in times of crisis: evidence from the COVID-19 pandemic* | Journal of Economics, 8 (1). pp. 68- 82. ISSN: 1857-9973<br><br>Indexing: EBSCO | 2023, https://eprints.ugd.edu.mk/31628/ |
| 12 | Bantimaroudi, Paraskevi and Golitsis, Petros and Mitreva, Mila (2023) | *An empirical study of the relationship between Foreign Direct Investments, Remittances, Political Stability and Economic Growth in Greece* | Journal of Economics, 8 (1). pp. 1-19. ISSN: 1857-9973<br><br>Indexing: EBSCO | 2023, https://eprints.ugd.edu.mk/31627/ |
| 13 | Mitreva, Mila and Gogova Samonikov, Marija and Davcev, Ljupco (2022) | *Competition and competitiveness-drivers for economic growth and better performance of the financial sector.* | Journal of Economics, 7 (2). pp. 18-27. ISSN: 1857-9973<br><br>Indexing: EBSCO | 2023, https://eprints.ugd.edu.mk/30371/ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 14 | Mitreva, Mila (2022) | *Investment trends of institutional investors.* | Economic Development Year 24, No.4, 24 (4/2022). pp. 37-53.<br><br>Indexing: EBSCO and others | 2022, https://eprints.ugd.edu.mk/30363/ |
| 15 | Mitreva, Mila and Davcev, Ljupco and Gogova Samonikov, Marija (2024) | *Overview of the financial system in North Macedonia* | „Challenges of Tourism and Business Logistics in the 21st Century" - (ISCTBL), 7 (1). pp. 60-64. | 2024, https://eprints.ugd.edu.mk/34610/ |
| 16 | Davcev, Ljupco and Davcev, Aleksandar and Mitreva, Mila (2024) | *Organizational Structure of Banks* | Knowledge without borders, 44th International Scientific Conference, 44 (1). pp. 47-52 | 2024, https://eprints.ugd.edu.mk/34118/ |
| 17 | Koleva, Blagica and Gjorgieva-Trajkovska, Olivera and Mitreva, Mila (2024) | *Анализа на финансиските извештаи на училиштата во РСМ* | Годишен зборник 2024, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Економски факултет, 26 (1). pp. 17-26. ISSN 1857-7628 | 2024, https://eprints.ugd.edu.mk/35305/ |
| 18 | Mitreva, Mila and Koleva, Blagica (2024) | *Примена на вештачката интелигенција во финансиско моделирање и предвидување на ризици* | Годишен зборник 2024, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Економски факултет, 26 (1). pp. 35-40. ISSN 1857-7628 | 2024, https://eprints.ugd.edu.mk/35304/ |
| 19 | Arsova, Monika and Mitreva, Mila and Jovanov, Tamara and Fotova Cikovikj, Katerina (2023) | *Social Media Communication Habits of Emerging Adults with Brands during the Covid-19 Pandemic.* | 9th REDETE Conference, ISBN 978-99976-57-16-9, Faculty of Economics, University of Banja Luka | 2023, https://eprints.ugd.edu.mk/31743/ |
| 20 | Koleva, Blagica and Mitreva, Mila (2023) | *Analysis of the accounting law of non-profit organizations in Republic of North Macedonia-Challenges and Recommendations.* | International Academic Institute-IAI Academic Conference Proceedings, Florence, Italy. ISSN 2671-3179 | 2023, https://eprints.ugd.edu.mk/33501/ |

- **Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик издадена од овластена институција регистрирана за странски јазици**

Кандидатката има доставено три потврди за познавање на странски јазик: завршено образование на англиски јазик на прв и на втор циклус студии, сертификат за познавање на англиски јазик (IELTS) и потврда за познавање на англиски јазик издадена од Филолошки факултет, Институт за јазици.

- **Способност за изведување на високообразовна дејност**

Кандидатката д-р Мила Митрева својата наставно-образовна дејност ја започнува како асистент на Економскиот факултет - УГД во декември 2019 година. Била асистент на предметите: Основи на финансии, Хартии

од вредност, Јавни финансии, Финансиски менаџмент, Сметководство на финансиски институции и Макроекономија.

Главните активности вклучуваат одржување на вежби, проверка на семинарски и колоквиуми, тестатор на колоквиуми и испити и подготовка на материјали за вежби. Покрај овие активности кандидатката била вклучена во организацијата на конференции и проекти, организација на работилници, издавање на годишни зборници, изработка на елаборати, објавување научни и стручни трудови во референтни списанија, учествување и презентација на различни настани организирани на факултетот, како и промовирање на Економскиот факултет и Универзитетот.

**Посебни услови:**

- **Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати**

Од својот втор избор како асистент, од 2022 година, кандидатката д-р Мила Митрева учествувала во следните четири проекти (достапни на е-репозиториум):

- Gogova Samonikov, Marija and Davcev, Ljupco and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and Mitreva, Mila (2024) *„Ден на денарот“ - 2024.* https://eprints.ugd.edu.mk/34265/
- Gogova Samonikov, Marija and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and Davcev, Ljupco and Mitreva, Mila and Jordanov, Ivan and Gorgiev, Riste (2023) *„Ден на денарот“-2023.* https://eprints.ugd.edu.mk/32231/
- Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija and Koleva, Blagica and Jovanov, Tamara and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) *Стратегиски развој и оперативен план за Центар за кариера и развој на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.* https://eprints.ugd.edu.mk/32639/
- Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and Miteva-Kacarski, Emilija and Paceskoski, Vlatko and Sofijanova, Elenica and Temjanovski, Riste and Dimitrova, Janka and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Davcev, Ljupco and Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan and Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) *Business eco system as an integrated system-Be In.* https://eprints.ugd.edu.mk/33315/
- **Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=30; (НИ)=38; (САОР)=7 или вкупно 75 поени:**

Кандидатката д-р Мила Митрева во изборниот период 2022-2025 год. има остварено вкупно 217 поени од целокупната актива и тоа: 30 поени од наставно-образовна дејност; 159 поени од научноистражувачка дејност и 28 поени од стручно-апликативна и организациско-развојна дејност. Во продолжение следи детална оценка на нејзината високообразовна дејност (наставно-образовна, научноистражувачка, стручно-апликативна и организациско-развојна дејност).

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

***Објавени научни трудови во меѓународни научни списанија со импакт-фактор:***

1. Fotova Čiković, Katerina and Cvetkoska, Violeta and Mitreva, Mila (2024)

*Investigating the Efficiency of Insurance Companies in a Developing Country: A Data Envelopment Analysis Perspective.* Economies 2024, Volume 12, Issue 6, 128. ISSN 2227-7099, pp. 1-20. **Indexing: Scopus, ESCI (Web of Science),** EconLit, EconBiz, RePEc, and other databases. **Scientific Journal Rank (SJR): 0.5 Impact Factor: 2.1 (2023); 5-Year Impact Factor: 2.2 (2023).**

**2.** Jovanov,Tamara and Mitreva, Mila and FotovaČiković, Katerina (2024) Crafting future entrepreneurs from emerging adults: what matters more - personality or context? International Journal of Education Economics and Development, 15 (1/2). pp. 31-56. ISSN 1759-5681, **Indexing: Scopus (Elsevier), Scientific Journal Rank (SJR) by Scopus 0,18 (for 2023).**

***Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја-членка на Европската Унија и/или ОЕЦД:***

**3.** Fotova Čiković, Katerina and Mitreva, Mila and Keček, Damira (2024). *The Impact of Mergers and Acquisitions on Efficiency and Performance in Banking: Empirical Evidence from Croatia.* Navigating Economic Uncertainty - Vol. 1. ISCBE 2024. Springer Proceedings in Business and Economics. ISSN: 2198-7254, pp. 199-222. **Indexing: Scopus (Elsevier). Scientific Journal Rank (SJR): 0.15.**

***Трудови во меѓународни научни списанија без импакт фактор:***

**4.** Mitreva, Mila and Davcev, Ljupco and Gogova Samonikov, Marija (2024). *Impact of institutional investors on capital markets in selected European countries.* Review of Socio-Economic Perspectives, 9 (1). pp. 29-37. ISSN 2149-9276.

**5.** Davcev, Ljupco and Mitreva, Mila and Davcev, Aleksandar (2024). *Modern trends, financial innovations and determinants of variability in banking operations.* Knowledge International Journal, 63 (1). pp. 91-97. ISSN 2545-4439.

**6.** Davcev, Ljupco and Davcev, Aleksandar and Mitreva, Mila (2024). *Principles of banking operations.* Knowledge International Journal, 63 (1). pp. 85-90. ISSN 2545-4439.

**7.** Mitreva, Mila (2023). *The importance of insurance companies for the capital market development and economic growth in North Macedonia.* Economic Development-Journal of the Institute of Economics Skopje, 25 (3/2023). pp. 47-59. ISSN 1857-7741.

**8.** Davcev, Ljupco and Mitreva, Mila and Davcev, Aleksandar (2023). *The financial system and its end users.* Knowledge International Journal, 61 (1). pp. 141-146. ISSN: 2545-4439.

**9.** Radev, Ljubomir and Golitsis, Petros and Mitreva, Mila (2023). *Economic and Financial Determinants of Gold ETF Price Volatility on the U.S. Futures Market (COMEX).* Journal of Economics, 8 (2). pp. 12-26. ISSN: 1857-9973.

**10.** Koleva, Blagica and Mitreva, Mila (2023). *Digitalization in accounting-danger, challenge or trend.* Academic Journal Management and Education, 19 (1). pp. 13-20. ISSN: 1312-6121.

**11.** Jovanov, Tamara and Fotova Cikovikj, Katerina and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023). *Mass media usage from emerging adults in times of crisis: evidence from the COVID-19 pandemic.* Journal of Economics, 8 (1). pp. 68- 82. ISSN: 1857-9973.

**12.** Bantimaroudi, Paraskevi and Golitsis, Petros and Mitreva, Mila (2023). *An empirical study of the relationship between Foreign Direct Investments, Remittances, Political Stability and Economic Growth in Greece.* Journal of Economics, 8 (1). pp. 1-19. ISSN: 1857-9973.

**13.** Mitreva, Mila and Gogova Samonikov, Marija and Davcev, Ljupco (2022). *Competition and competitiveness-drivers for economic growth and better performance of the financial sector.* Journal of Economics, 7 (2). pp. 18-27. ISSN: 1857-9973.

**14.** Mitreva, Mila (2022). *Investment trends of institutional investors.* Economic Development Year 24, No.4, 24 (4/2022). pp. 37-53.

***Трудови во зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири***

**15.** Mitreva, Mila and Davcev, Ljupco and Gogova Samonikov, Marija (2024). *Overview of the financial system in North Macedonia.* "Challenges of Tourism and Business Logistics in the 21st Century" - (ISCTBL), 7 (1). pp. 60-64.

**16.** Davcev, Ljupco and Davcev, Aleksandar and Mitreva, Mila (2024). *Organizational Structure of Banks.* Knowledge without borders, 44th International Scientific Conference, 44 (1). pp. 47-52.

**17.** Koleva, Blagica and Gjorgieva-Trajkovska, Olivera and Mitreva, Mila (2024). *Анализа на финансиските извештаи на училиштата во РСМ.* Годишен зборник 2024, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Економски факултет, 26 (1). pp. 17-26. ISSN 1857-7628.

**18.** Mitreva, Mila and Koleva, Blagica (2024). *Примена на вештачката интелигенција во финансиско моделирање и предвидување на ризици.* Годишен зборник 2024, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Економски факултет, 26 (1). pp. 35-40. ISSN 1857-7628.

**19.** Arsova, Monika and Mitreva, Mila and Jovanov, Tamara and Fotova Cikovikj, Katerina (2023). *Social Media Communication Habits of Emerging Adults with Brands during the Covid-19 Pandemic.* 9th REDETE Conference, ISBN 978-99976-57-16-9, Faculty of Economics, University of Banja Luka.

**20.** Koleva, Blagica and Mitreva, Mila (2023). *Analysis of the accounting law of non-profit organizations in Republic of North Macedonia-Challenges and Recommendations.* International Academic Institute-IAI Academic Conference Proceedings, Florence, Italy. ISSN 2671-3179.

***Учество на конференции и работилници во земјава и во странство***

Кандидатката од почетокот на својата работа како асистент, во периодот 2019-2024 год. има учествувано на голем број конференции, работилници, проекти. Во периодот од вториот избор како асистент, т.е. во последните 3 години има учествувано во следните активности:

**21.** Mitreva, Mila and Arsova, Monika and Miteva-Kacarski, Emilija (2024) *Работилница: Деловна комуникација – CV, мотивациско писмо и интервју.* Работилница: Деловна комуникација – CV, мотивациско писмо и интервју. https://eprints.ugd.edu.mk/35097/

**22.** Fotova Cikovikj, Katerina and Mitreva, Mila and Keček, Damira (2024) *The impact of mergers and acquisitions on efficiency and performance in banking: Empirical evidence from Croatia.* 7th International Scientific Conference on Business and Economics (ISCBE), Portugal. https://eprints.ugd.edu.mk/34310/

**23.** Mitreva, Mila and Davcev, Ljupco and Gogova Samonikov, Marija (2024) *Overview of the Financial System in N.Macedonia.* Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век, ISCTBL 2024. https://eprints.ugd.edu.mk/34115/

**24.** Gogova Samonikov, Marija and Mitreva, Mila (2024) *Микробизнис игри - FinYes-„Финансиска писменост за млади претприемачи“.* FinYes - Финансиска писменост за млади претприемачи, 19-20 Feb 2024, Stip. https://eprints.ugd.edu.mk/33686/

**25.** Koleva, Blagica and Mitreva, Mila (2023) *Analysis of the accounting law of non-profit organizations in republic of North Macedonia-Challenges and Recommendations.* IAI Academic Conference Syracuse University Florence, Italy, 20 June 2023. https://eprints.ugd.edu.mk/31952/

**26.** Mitreva, Mila (2023) *The role of pension funds as sustainable institutional investors: An empirical analysis of their influence on the capital market.* Montenegrin International Conference on Economics and Business 2023, 25-27 May 2023, Budva. https://eprints.ugd.edu.mk/31827/

**27.** Koleva, Blagica and Mitreva, Mila (2023) *Основање на виртуелно претпријатие - изготвување и презентирање на финансиските извештаи.* Отворени денови на УГД - 2023 година. https://eprints.ugd.edu.mk/31780/

**28.** Fotova Cikovikj, Katerina and Mitreva, Mila (2023) *Efficiency gains from mergers and acquisitions in the banking sector: Empirical evidence from Croatia.* 10th International Conference of the School of Economics and Business. https://eprints.ugd.edu.mk/31664/

**29.** Gogova Samonikov, Marija and Mitreva, Mila (2023) *„Светот го вртат парите -кој ги врти парите”.* Работилница „Светот го вртат парите - кој ги врти парите». https://eprints.ugd.edu.mk/31572/

**30.** Jovanov, Tamara and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) *Perceived advertising value of media for driving sustainable demand in emerging adults.* MICEB: The 1st Montenegrin International Conference on Economics & Business, 25-27 May 2023, Budva, Montenegro. https://eprints.ugd.edu.mk/31830/

**31.** Dimitrova, Janka and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica and Georgieva Svrtinov, Vesna and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2022) *Ден на сметководството.* Ден на сметководството, 10 Dec 2022, Stip. https://eprints.ugd.edu.mk/30710/

**32.** Mitreva, Mila (2022) *Empirical analysis of the impact of pension funds as institutional investors on the capital market.* SEERC Open Seminar Series. https://eprints.ugd.edu.mk/30607/

**33.** Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2022) *Social media communication habits of emerging adults with brands during the Covid-19 pandemic.* 9th REDETE Conference 2022, 15-16 Sept 2022, Ancona, Italy. https://eprints.ugd.edu.mk/30269/

***Научен проект (од национално и меѓународно значење)***

**34.** Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and MitevaKacarski, Emilija and Paceskoski, Vlatko and Sofijanova, Elenica and Temjanovski, Riste and Dimitrova, Janka and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Davcev, Ljupco and Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan and Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) Business eco system as an integrated system-Be In, https://eprints.ugd.edu.mk/33315/

***Елаборати и експертизи***

**35.** Gogova Samonikov, Marija and Davcev, Ljupco and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and Mitreva, Mila (2024) *„Ден на денарот“ - 2024.*

**36.** Gogova Samonikov, Marija and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and Davcev, Ljupco and Mitreva, Mila and Jordanov, Ivan and Gorgiev, Riste (2023) *„Ден на денарот“ - 2023.*

**37.** Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija and Koleva, Blagica and Jovanov, Tamara and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) *Стратегиски развој и оперативен план за Центар за кариера и развој на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.*

***Членство во меѓународни уредувачки одбори на меѓународни списанија во земјава и во странство***

Д-р Мила Митрева е член на уредувачки одбор во:

**38.** *Journal of Economics*, Издавач: Економски факултет, Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип: https://js.ugd.edu.mk/index.php/JE/about/editorialTeam

**39.** *Годишен зборник на Економски факултет*, Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип: https://e-lib.ugd.edu.mk/resursi/zbornici/ekonomski/Zbornik_ekonomski_fakultet_2024-26.pdf

Кандидатката, исто така, била рецензент на две меѓународни списанија:

**40.** *Journal of Infrastructure, Policy and Development*, ISSN: 2572-7931, SJR (2023): 0.29.

**41.** *Theoretical Economic Letters*, ISSN: 2162-2086) и за таа ангажираност има добиено сертификати.

**Студиски престој во странство**

Поради потребата за постојано образование и дошколување, во 2022 година, кандидатката била на студиски престој на:

**42.** Универзитетот „South East European Research Centre of City College, University of York Europe Campus“ во Грција за што има доставено писмо за прифаќање и писмо за потврда на реализиран студиски престој.

- **Две препораки од професори**

Кандидатката има поднесено три препораки од професори, од проф. д-р Стеван Габер, редовен професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, проф. д-р Илија Груевски, редовен професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и проф. д-р Petros Golitsis од CITY College, University of York Europe Campus.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во периодот од вториот избор како асистент (од 2022 година до денес), кандидатката активно се вклучувала во организациски и развојни активности, придонесувајќи кон унапредување и напредок како на Економскиот факултет, така и на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип:

- Во 2022 година учествувала во Работната група за организација на настани „Прв академски час“ и „УГД форум за развој на образование“;
- Во 2023 година е назначена за член на Организациски одбор на списанието „Journal of Economics“, издание на Економски факултет. Универзитет „Гоце Делчев“;

- Во 2023 година учествувала во Работната група за организација на настани „Патронен празник на УГД“ и „120 години од смртта на Гоце Делчев“, „Прв академски час за учебната 2023/2024 година“, презентација на УГД во средните училишта во државата.
- Во 2024 година била назначена за член на Организациски одбор на Четвртата меѓународна конференција за бизнис „Сегашни глобални трендови и економски ситуации“, била назначена за член на Комисијата за самоевалуација на Економскиот факултет и учествувала во Работната група за прв академски час „Бруцошка на УГД“.

**Кратка евалуација на трудовите од последните три години, достапни на е-репозиториумот на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип:**

**Евалуација на научен труд под реден број 1:** ***Investigating the Efficiency of Insurance Companies in a Developing Country: A Data Envelopment Analysis Perspective***

- Трудот претставува пионерско истражување за проценка на ефикасноста на осигурителните компании во Северна Македонија, користејќи влезно-ориентиран BCC DEA модел за периодот 2018–2022 година. Со внимателен избор на влезни (капитал и труд) и излезни променливи (пренос на ризик и финансиско посредување), авторката обезбедува релевантен и аналитички пристап за мерење на релативната ефикасност на компаниите во овој сектор. Резултатите укажуваат на променлива ефикасност во текот на анализираниот период, со највисока ефикасност во 2018 година и најниска во 2020 година, што е логично и очекувано поради влијанието на Ковид-19 кризата. Истакнувањето на просечната ефикасност кај неживотното осигурување овозможува дополнителна длабочина на анализата. Особено значајно е што трудот ја пополнува празнината во академската и практичната литература во контекст на осигурителниот сектор во земјите во развој, нудејќи корисни насоки за носителите на политики, регулаторите и менаџментот во секторот.

**Евалуација на научен труд под реден број 2:** ***Crafting future entrepreneurs from emerging adults: what matters more - personality or context?***

Овој труд ја оценува претприемничката намера (EI) кај нововозрасни лица, анализирајќи ги личните особини и контекстуалните фактори. Користејќи потврдена факторска анализа и повеќекратна регресија, истражувањето покажува дека внатрешниот локус на контрола има најсилно позитивно влијание врз EI. Меѓу контекстуалните фактори, перципираните бариери имаат негативно, а перципираната поддршка позитивно влијание. За разлика од други студии, не е утврдена значајна поврзаност со склоноста кон ризик, што отвора простор за понатамошни истражувања. Наодите се значајни за политиките за поттикнување на самовработување и социјално вклучување кај млади возрасни, идентификувајќи клучни фактори што влијаат врз нивната претприемачка мотивација.

**Евалуација на научен труд под реден број 3:** ***The Impact of Mergers and Acquisitions on Efficiency and Performance in Banking: Empirical Evidence from Croatia***

Трудот претставува квалитетна и методолошки издржана анализа на ефектите од спојувањата и преземањата (M&A) врз ефикасноста на

банкарскиот сектор во Хрватска. Преку примена на DEA анализа со динамичен прозорец (BCC модел), авторката обезбедува квантитативно мерење на ефикасноста на банките во период од речиси една деценија, што овозможува следење на трендови и структурни промени. Посебна вредност на трудот е двофазниот пристап – прво, преку општа анализа на банкарската ефикасност, а потоа преку конкретна проценка на M&A трансакциите. Резултатите се јасно презентирани и покажуваат дека консолидацијата преку спојувања придонесува кон зголемена ефикасност, што е значаен заклучок за менаџментот и регулаторите. Исклучокот во 2020 година е реално прикажан и упатува на влијанието на екстерни фактори (пандемијата) врз банкарските перформанси.

**Евалуација на научен труд под реден број 4:** ***Impact of institutional investors on capital markets in selected European countries***

Овој труд ја оценува улогата на институционалните инвеститори – пензиски фондови, осигурителни компании и инвестициски фондови – врз пазарите на капитал во Австрија, Белгија, Германија, Финска и Шведска во периодот 2010–2022 година. Применети се Unit Root тестови, Hausman тест и панелска регресија во E-Views. Резултатите покажуваат дека инвестициските фондови имаат статистички значајно и позитивно влијание врз пазарите на капитал во анализираните земји, истакнувајќи ја нивната клучна улога во финансиската динамика.

**Евалуација на научен труд под реден број 5:** ***Modern trends, financial innovations and determinants of variability in banking operations***

Овој труд нуди сеопфатна анализа на еволуцијата на банкарскиот систем, започнувајќи од традиционалниот модел на финансиско посредување до современите трендови во глобализираното и технолошки напредно банкарство. Авторката успешно ја прикажува транзицијата од класично банкарство, каде што побарувачката за кредити ја надминува понудата на депозити, кон современи модели под влијание на интернационализација, финансиски иновации и дигитализација.

Особено значаен е акцентот на динамичната природа на банкарското работење и неговата зависност од променливите пазарни услови, технолошкиот напредок и регулаторните барања. Трудот, исто така, ги истакнува предизвиците и можностите со кои се соочуваат банките во земјите во развој, како Северна Македонија, во обид да се приспособат на новите глобални стандарди.

Со тоа, трудот нуди релевантен и актуелен придонес за разбирање на трансформацијата на банкарскиот сектор и неопходноста од постојана иновација и адаптација на банкарските институции.

**Евалуација на научен труд под реден број 6:** ***Principles of banking operations***

Овој труд претставува детална евалуација на еволуцијата на банкарството – од традиционалниот модел на финансиско посредување до современите, технолошки напредни и глобализирани банкарски практики. Авторката успешно ја објаснува трансформацијата на банките од институции фокусирани на прераспределба на ограничени ресурси во економии со низок степен на финансиски развој, до модерни субјекти што функционираат во конкурентно и динамично глобално опкружување. Особено е нагласена улогата на интернационализацијата, технолошките иновации и диверзификацијата

на финансиските услуги во менувањето на структурата и стратегиите на банкарското работење. Трудот укажува дека банките се повеќе ги приспособуваат своите услуги на барањата на клиентите и условите на пазарот, притоа фокусирајќи се на развој на нови финансиски инструменти, особено во хипотекарниот сектор и пазарот на деривати. Заклучно, трудот обезбедува вреден увид во трансформацијата на банкарскиот сектор, прикажувајќи ги предизвиците и можностите што произлегуваат од глобалните економски текови, регулаторните промени и технолошката револуција. Ова го прави релевантен придонес кон современата литература за банкарство и финансии.

**Евалуација на научен труд под реден број 7:** ***The importance of insurance companies for the capital market development and economic growth in North Macedonia***

Трудот претставува емпириско истражување насочено кон оценување на влијанието на осигурителниот сектор врз економскиот раст и развојот на пазарот на капитал во Република Северна Македонија за периодот 2014–2022 година. Авторката користи регресивна анализа како соодветна методолошка алатка, што овозможува квантификување на ефектите од избраните економски променливи и идентификување на значајни релации помеѓу нив. Главна предност на трудот е избраниот сет на променливи, вклучувајќи го БДП, берзанската капитализација, пазарната капитализација на обврзници и средствата на осигурителните друштва.

Ваквиот пристап овозможува поширока слика за улогата на осигурителниот сектор во националната економија, како и неговото поврзување со капиталниот пазар.

Трудот е аналитички, методолошки оправдан и обработува актуелна тема со практично значење. Дава вредни сознанија за поврзаноста меѓу финансискиот сектор и макроекономските движења, и претставува добра основа за понатамошни истражувања во оваа област.

**Евалуација на научен труд под реден број 8:** ***The financial system and its end users***

Трудот нуди јасен и концизен преглед на улогата на финансискиот систем во канализирањето на капиталот помеѓу крајните корисници – заемодавачи и заемопримачи – со акцент на трите основни пристапи: директно кредитирање, користење на организирани пазари и посредништво преку финансиски институции. Авторката успешно ги објаснува предностите и недостатоците на секој од пристапите, нагласувајќи ја важноста на финансиските посредници и организираните пазари за зголемување на ефикасноста, намалување на трошоците и управување со ризиците. Трудот е концептуално добро структуриран и покажува солидно разбирање на функционирањето на финансиските системи.

**Евалуација на научен труд под реден број 9:** ***Economic and Financial Determinants of Gold ETF Price Volatility on the U.S. Futures Market (COMEX)***

Трудот претставува темелна економетриска анализа на влијанието на домашните економски фактори врз цената на златните ЕТФ на пазарот COMEX во САД. Со употреба на Њуи-Вест проценителот, авторката успешно се справува со присутната автокорелација и нуди релевантни сознанија за детерминантите на цената на златото во различни периоди. Посебна вредност има споредбата на резултатите од долг период (15 години) со пократок и

понов период (последните 5 години), преку која се утврдуваат значајни промени во улогата на инфлацијата и каматните стапки врз цената на златото. Истакнати се и слабостите на примарниот модел, како и обидите за нивно коригирање, што укажува на критички пристап кон анализата. Заклучокот дека златото не ја исполнува веќе улогата на класично „безбедно засолниште" во услови на пазарска нестабилност е особено значаен, како и укажувањето на потенцијалната замена на оваа улога од американскиот долар.

**Евалуација на научен труд под реден број 10:** ***Digitalization in accounting-danger, challenge or trend***

Трудот успешно ја истражува улогата и значењето на дигиталната трансформација во сметководствената професија, ставајќи акцент на нејзиното влијание врз ефикасноста и модернизацијата на деловните процеси. Теоретскиот дел нуди јасно објаснување на концептот на дигитална трансформација, нејзините основни елементи и придобивките што ги носи за компаниите, додека емпирискиот дел преку анкетно истражување дава увид во ставовите на сметководителите за практичната примена и прифаќањето на дигиталните алатки. Особено е значајно што трудот прави разлика помеѓу едноставна автоматизација и целосна дигитална трансформација, посочувајќи ја потребата од реално-временско поврзување и интеграција на сите деловни активности. Истражувањето дава корисни сознанија за степенот на дигитална зрелост кај сметководствените професионалци и ги идентификува предизвиците и потенцијалите за понатамошен развој.

**Евалуација на научен труд под реден број 11:** ***Mass media usage from emerging adults in times of crisis: evidence from the COVID-19 pandemic***

Трудот обработува актуелна и релевантна тема, истражувајќи ги навиките за употребата на медиуми кај новите возрасни лица за време на Ковид-19 кризата, со акцент на традиционалните медиуми. Истражувањето е спроведено врз основа на анкета (284 испитаници), што овозможува релевантна анализа на перцепциите и навиките поврзани со медиумската потрошувачка. Наодите се јасно презентирани и откриваат интересен контраст помеѓу високата застапеност на телевизијата како медиум и ниската доверба што испитаниците ја имаат кон информациите што таа ги пренесува. Тоа укажува на важен тренд на намалена веродостојност на традиционалните медиуми кај младите возрасни, што претставува значаен заклучок со потенцијал за понатамошна анализа.

**Евалуација на научен труд под реден број 12:** ***An empirical study of the relationship between Foreign Direct Investments, Remittances, Political Stability and Economic Growth in Greece***

Трудот претставува длабинска економетриска анализа на детерминантите на економскиот раст во Грција за периодот 1980–2018 година, користејќи софистицирани модели како VECM и ARDL за испитување на краткорочните и долгорочните врски помеѓу странските директни инвестиции (СДИ), дознаките, бруто формирањето на фиксен капитал (GFCF), политичката стабилност, инфлацијата и економскиот раст. Авторката демонстрира висок степен на методолошка прецизност, при што се спроведени релевантни тестови за стационарност и коинтеграција, како и внимателно избрани модели во зависност од својствата на податоците. Посебна вредност има паралелната употреба на два различни модели (VECM и ARDL), што

овозможува посеопфатна анализа и потврда на резултатите. Клучните наоди се аналитички јасни и нудат важни економски импликации: позитивна краткорочна, но негативна долгорочна врска помеѓу СДИ и економскиот раст; негативна врска на дознаките со растот во двата временски хоризонти; како и очекувана позитивна поврзаност помеѓу политичката стабилност и економскиот раст. Наодите се дополнително зајакнати преку меѓусебната потврда на моделите.

**Евалуација на научен труд под реден број 13:** ***Competition and competitiveness-drivers for economic growth and better performance of the financial sector***

Трудот нуди релевантен осврт на значењето на конкуренцијата за економскиот развој, со посебен фокус на финансискиот сектор и неговите специфични предизвици. Преку анализата на Индексот на деловната слобода за пет земји од регионот (Албанија, Бугарија, Грција, С. Македонија и Србија) за периодот 2019–2021, авторката го нагласува влијанието на конкурентниот притисок врз економските реформи и деловното опкружување. Во трудот јасно се прикажани дилемите околу ефектите од конкуренцијата во банкарскиот сектор, со наведување на различни теоретски ставови. Ова укажува на критички пристап и разбирање на комплексноста на темата. Иако се обработува специфична тематика, трудот е читлив, со јасна структура и логичен тек на мислата.

**Евалуација на научен труд под реден број 14:** ***Investment trends of institutional investors***

Трудот нуди јасен и структуриран преглед на улогата на институционалните инвеститори на глобалните финансиски пазари, со фокус на нивната стратегија за распределба на средствата. Авторката успешно ја објаснува важноста на инвестициските одлуки и составот на портфолиото, при што прави разлика помеѓу различни видови институционални инвеститори како пензиски фондови, осигурителни компании и инвестициски фондови. Иако трудот има претежно описен карактер, тој нуди корисен преглед на факторите што влијаат врз инвестициското однесување и ги истакнува економските и финансиските услови како клучни одредници при донесување одлуки. Анализата на составот на инвестициските портфолија е јасно презентирана и дава основа за понатамошни истражувања или споредби меѓу земји или типови институции.

**Евалуација на научен труд под реден број 15:** ***Overview of the financial system in North Macedonia***

Овој труд нуди јасна и аналитична евалуација на финансискиот сектор во Северна Македонија, со посебен фокус на структурата и динамиката на депозитните и недепозитните финансиски институции. Истражувањето успешно ја истакнува доминантната улога на банкарскиот сектор, кој и покрај своето значајно учество од 86,4% во вкупните средства во 2022 година покажува тренд на опаѓање на активата. Истовремено, трудот ги нагласува позитивните поместувања кај недепозитните институции, чие учество достигнува 20,8%, со континуиран раст поттикнат од пензиските фондови. Преку идентификација на овие трендови, трудот придонесува кон подлабоко разбирање на трансформацијата на финансискиот систем и ги потенцира можностите за понатамошен развој и диверзификација на финансискиот сектор во земјата.

**Евалуација на научен труд под реден број 16:** ***Organizational Structure of Banks***

Трудот претставува сеопфатна анализа на еволуцијата и трансформацијата на банкарскиот сектор низ историјата, со акцент на неговата примарна улога како финансиски посредник и катализатор на економскиот раст. Авторката успешно ја нагласува историската важност на банкарството како фундаментален столб на финансиската индустрија, со способност да ја обликува економската динамика на едно општество. Посебен акцент е ставен на трансформацијата на улогата на банките во услови на глобализација и зголемена пазарна конкуренција. Наместо пасивно да се повлекува пред предизвиците, банкарството е прикажано како флексибилен и адаптивен систем кој се надградува преку проширување на понудата со небанкарски финансиски услуги, како што се консултантски услуги, управување со готовина, осигурување и работа со хартии од вредност. Овој аспект јасно ја потенцира неопходноста од диверзификација и иновација во банкарските производи за одржување на конкурентноста. Авторот, исто така, нуди јасен увид во потребата за организациско реструктурирање и технолошка модернизација на банкарскиот систем. Познато е дека глобализацијата не само што наметнува реструктурирање според меѓународни стандарди, туку и бара квалитативни подобрувања во човечките ресурси, како и зголемена технолошка подготвеност на институциите и клиентите. Како целина, трудот се одликува со логичен тек на мислата, јасно аргументирана поставеност и навремен одраз на современите трендови во банкарството.

**Евалуација на научен труд под реден број 17:** ***Анализа на финансиските извештаи на училиштата во РСМ***

Трудот обработува значајна и практично применлива тема поврзана со финансиското управување во јавните образовни установи, со акцент на училиштата во Република Северна Македонија. Авторката успева да ја прикаже важноста на транспарентноста, отчетноста и ефективното користење на буџетските средства, притоа нагласувајќи ја улогата на стручниот и едуциран менаџмент во унапредувањето на финансиското работење. Истражувањето е засновано на анкети спроведени со вклучување на релевантни чинители (менаџери, сметководители, наставници), што дава вреден увид во реалната состојба, како и во предизвиците со кои се соочуваат образовните институции. Резултатите упатуваат на потребата од континуирана едукација и подобрување на вклученоста на сите засегнати страни во финансиското управување.

**Евалуација на научен труд под реден број 18:** ***Примена на вештачката интелигенција во финансиско моделирање и предвидување на ризици***

Овој труд дава јасен и концизен теоретски преглед на значењето на вештачката интелигенција (ВИ) во современото финансиско моделирање и предвидување на ризици. Авторката ги истакнува клучните предности што ВИ ги носи во финансискиот сектор – пред сè, способноста за брза и прецизна анализа на големи количини на податоци, што е од суштинско значење во брзо менливите услови на глобалните финансиски пазари. Иако трудот е преодно ориентиран кон теоретски аспект, успешно ја нагласува потребата од развој на адаптивни и проактивни модели за управување со финансиски ризици. Со тоа, се потенцира улогата на ВИ како алатка за зголемена отпорност на финансискиот систем и навремено донесување стратешки одлуки.

**Евалуација на научен труд под реден број 19:** ***Social Media Communication Habits of Emerging Adults with Brands during the Covid-19 Pandemic***

Трудот нуди актуелна и вредна анализа на комуникациските навики на новите возрасни лица (18–29 години) на социјалните медиуми за време на пандемијата Ковид-19, со фокус на нивната интеракција со брендовите. Истражувањето, засновано на онлајн прашалници, е методолошки соодветно и дава јасен увид во преференциите на младата популација – пред сè користењето на Facebook и Instagram како главни канали за комуникација и информирање за производи и услуги. Резултатите се добро обработени и укажуваат на двонасочна, интерактивна комуникација помеѓу потрошувачите и брендовите, што е значајна порака за маркетинг стратегиите. Трудот, исто така, истакнува разноликост во перцепциите за важноста на социјалните медиуми, што дава дополнителна длабочина на анализата.

**Евалуација на научен труд под реден број 20:** ***Analysis of the accounting law of non-profit organizations in Republic of North Macedonia-Challenges and Recommendations***

Овој труд нуди темелна и систематизирана анализа на сметководствената регулатива што се однесува на непрофитните организации, со фокус на примената на Законот за сметководство и поврзаните стандарди и практики. Авторката успешно ја објаснува законската рамка и нејзината улога во обезбедување транспарентност, точност и отчетност во финансиското работење на овие организации. Истражувачкиот дел, заснован на анкетни прашалници и интервјуа со релевантни претставници, додава практична димензија и овозможува да се идентификуваат предизвиците во реалната примена на законските одредби. Притоа, трудот нуди конструктивни препораки за подобрување и ревизија на постојната регулатива, што го зголемува неговиот практичен придонес.

***Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност***

Во рамките на научноистражувачката дејност и наставно-педагошката дејност, Рецензентската комисија констатира дека д-р Мила Митрева е посветен асистент и истражувач од наставно-научната област финансии, кои ги извршува професионално и стручно. Нејзиниот опус во научната и образовната литература е исклучително широк и корисен, со авторско портфолио кое се состои од 33 објавени труда објавени во референтни научни публикации, учество на научни собири, голем број на конференции, објавување трудови во годишни зборници и учество во многубројни организациски активности. Д-р Мила Митрева учествувала и во проекти од научноистражувачки и стручно-апликативен карактер, од кои дел се реализирани во рамките на Фондот за научноистражувачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а дел се поддржани од екстерни извори. И во наставно-педагошкиот дел д-р Мила Митрева, исто така, има богато професионално искуство. За време на нејзината кариера во високото образование како асистент (со два избора во асистент) покривала бројни предмети на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во својата работа со студентите применува модерни методи, јасен пристап и современи педагошки методи во пренесување на знаењата.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на Законот за високо образование и Правилникот за единствени критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и по темелна анализа на целокупната доставена документација, предвидена со Конкурсот, Рецензентската комисија утврдува дека кандидатката, асистент д-р Мила Митрева, ги исполнува сите услови за избор во наставно-научното звање доцент.

Комисијата оценува дека кандидатката д-р Мила Митрева, доктор по економски науки од областа финансии, демонстрира континуиран интерес и посветеност кон научниот и професионалниот развој. Таа се истакнува со значајна педагошка активност и високо ниво на академска експертиза, стекната и унапредена низ нејзината кариера како асистент, при што успешно изведува наставни активности по повеќе предмети од областа финансии на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Научноистражувачката работа на кандидатката е континуирана и систематска, што ја потврдува нејзината стручност и ориентација кон академскиот и практичниот развој во наставно-научната област финансии, за која конкурира. Ова се рефлектира преку објавените научни трудови, учества на конференции, работилници, проекти.

Покрај научноистражувачката дејност, кандидатката има значајни придонеси во стручно-апликативната и организациско-развојната сфера, што се огледа во нејзиното учество на стручни собири, ангажмани во проекти, како и активното членство во многу факултетски и универзитетски активности.

Според изнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, **асистент д-р Мила Митрева** да биде избрана во звањето **доцент** во научната област финансии.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Марија Гогова-Самоников, редовен професор (претседател), с.р.
Проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, редовен професор (член), с.р.
Проф. д-р Владимир Филиповски, редовен професор (член), с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **2** | Избор во звање асистент | 2 | 15 | | | 30 |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **2** | Дел од научна книга<br>Р.бр. 3 (1*10=10) | | | 1 | 10 | **10** |
| **3** | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори)<br><br>Втор автор: р.бр. 2 (1*10*1=10 поени)<br>Трет или останат автор: р.бр. 1 (1*5*1=5 поени) | | | 1<br>1 | 10<br>5 | **15** |
| **4** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)<br>Прв автор:<br>-р.бр. 4 (1*9*1=**9 поени**)<br>-р.бр. 7 (1*9*1=**9 поени**)<br>-р.бр. 13 (1*9*1=**9 поени**)<br>-р.бр. 14 (1*9*1=**9 поени**)<br>**Вкупно: 36 поени**<br>Втор автор:<br>-р.бр. 5 (1*6*1=**6 поени**)<br>-р.бр. 8 (1*6*1=**6 поени**)<br>-р.бр. 10 (1*6*1=**6 поени**)<br>**Вкупно: 18 поени**<br>Трет или останат автор:<br>-р.бр. 6 (1*3*1=**3 поени**)<br>-р.бр. 9 (1*3*1=**3 поени**)<br>-р.бр. 11 (1*3*1=**3 поени**)<br>-р.бр. 12 (1*3*1=**3 поени**)<br>**Вкупно: 12 поени** | 3<br><br>4<br><br>2 | 9<br><br>3<br><br>6 | 1<br><br>1 | 9<br><br>6 | **66** |
| **5** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>Р.бр. 15 (1*2*1=**2 поени**)<br>Р.бр. 16 (1*2*1=**2 поени**)<br>Р.бр. 17 (1*2*1=**2 поени**)<br>Р.бр. 18 (1*2*1=**2 поени**)<br>Р.бр. 19 (1*2*1=**2 поени**)<br>Р.бр. 20 (1*3*1=**3 поени**)<br>**Вкупно: 13 поени** | 5 | 2 | 1 | 3 | **13** |
| **8** | Одржано предавање по покана од научна институција<br>Р.бр. 32 (1*3=3 поени) | | | 1 | 3 | **3** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **9** | Учество на научен собир со реферат (усно)<br>Р.бр. 21 (1*1.5=**1.5 поени**)<br>Р.бр. 22 (1*2=**2 поени**)<br>Р.бр. 23 (1*1.5=**1.5 поени**)<br>Р.бр. 24 (1*1.5=**1.5 поени**)<br>Р.бр. 25 (1*2=**2 поени**)<br>Р.бр. 26 (1*2=**2 поени**)<br>Р.бр. 27 (1*1.5=**1.5 поени**)<br>Р.бр. 28 (1*2=2 **поени**)<br>Р.бр. 29 (1*1.5=**1.5 поени**)<br>Р.бр. 30 (1*2=**2 поени**)<br>Р.бр. 31 (1*1.5=1.5 **поени**)<br>Р.бр. 33 (1*2=**2 поени**)<br>**Вкупно: 21 поени** | 6 | 1.5 | 6 | 2 | **21** |
| **10** | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | **8** |
| **12** | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | 1 | 4 | **8** |
| **14** | Учесник во научен проект<br>Р.бр. 34 (1*3=**3 поени**) | | | 1 | 3 | **3** |
| **16** | Член на уредувачки одбор на научно списание<br>Р.бр. 38 и 39 (2*1=**2 поени**) | 2 | 1 | | | **2** |
| **23** | Студиски престој во странство<br>Р.бр. 42 | | | 1 | 8 | **8** |
| **24** | Рецензент на научен труд<br>Р.бр. 40 и 41 | | | 2 | 1 | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **159** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **17** | Елаборати и експертизи<br>Р.бр. 35, 36, 37 | 3 | 2 | | | **6** |
| **27** | Член на универзитетски или владини тела | | | | | |
| **28** | Член на факултетски орган/комисија | 2 | 2 | | | **4** |
| **29** | Член на институтски орган/комисија | 9 | 2 | | | **18** |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **28** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **217** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИРУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-66/12 од 11.3.2025 година донесена на 334. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 11.3.2025 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *хирургија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во состав:

- **проф. д-р Андреја Арсовски**, насловен вонреден професор за наставно-научната област торакална хирургија, вработен во ПЗУ „Систина“ во Скопје, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип - претседател;
- **проф. д-р Ацо Димов**, редовен професор во пензија, наставно-научна област општа и детска хирургија - член;
- **проф. д-р Влатко Цветановски**, насловен вонреден професор за наставно-научната областа кардиоваскуларна хирургија, вработен во ПЗУ „Ремедика“ во Скопје, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ на 27.2.2025 година. Во предвидениот контакт се пријавија двајца кандидати:

- **доц. д-р Илија Милев,** доктор на медицински науки;
- **доц. д-р Стефан Петровски**, доктор на медицински науки.

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **доц. д-р Стефан Петровски** е роден на 27.11.1982 година во Штип, каде што го завршил основното и средното образование, со континуиран одличен успех (5.00).

Во учебната 2001/2002 година се запишал на Медицинскиот факултет во Скопје. Дипломирал на 3.12.2007 година со просечен успех 8.56 и притоа се стекнал стручно звање доктор на медицина.

Во учебната 2007/2008 година бил ангажиран како професор по предметот Психијатрија, Интерна медицина во Државното средно медицинско училиште „Јане Сандански” – Штип.

Во 2008 година, со отворањето на Медицинскиот факултет во Штип бил вработен од Матичната комисија со Одлука бр. 0206-1200 како лаборант на седницата, одржана на 6.8.2008 г.

Започнува да работи како лаборант по предметот Биохемија за студентите на Општа медицина.

Со Одлука бр. 2502-45/10 на седмата седница на 4.3.2009 год. д-р Стефан Петровски е избран во помлад асистент по фундаментални медицински науки со време од 5.3.2009 до 5.3.2012 год.

Од октомври 2009 год. се запишува на специјализација по Општа хирургија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје под менторство на проф. д-р Александар Караѓозов.

Во 2011 година се запишува на трет циклус студии на Медицинскиот универзитет во Софија на Катедрата по општа и оперативна хирургија и разработува тема **„Колоректални метастази на црниот дроб - принципи на хируршко лекување“** под менторство на проф. д-р Виолета Димитрова, дмн, при УМБАЛ Александровска болница, Софија, Р. Бугарија.

На 12.3.2014 год. успешно го положува испитот и се стекнува со стручно звање специјалист по општа хирургија.

На Факултетот по медицински науки продолжува да работи и со Одлука бр. 2502-97/6 на 54. седница на Факултетот е избран во асистент по клинички медицински предмети во траење од 16.9.2011 до 16.9.2014 година.

На 130. седница на Факултетот за медицински науки во Штип одржана на 18.11.2014 година, со Одлука бр. 2502-291/20 кандидатот ас. д-р Стефан Петровски е избран во асистент-докторанд од областа дигестивна хирургија во периодот од 18.11.2014 до 18.11.2019 година.

Од 1.3.2015 година со преземање ас. д-р Стефан Петровски започнува да работи како специјалист по општа хирургија на „РЕ Хирургија“ при ЈЗУ Клиничка болница – Штип.

Од 20.7.2015 до 20.8.2015 г. е испратен на стручно усовршување за лапароскопска и роботска хирургија во Liv hospital Истанбул кај проф. д-р Октар Озоглу.

Во февруари 2016 година кандидатот започнува со супспецијализација од областа торакална хирургија под менторство на проф. д-р Андреја Арсовски и коменторство на проф. д-р Зоран Спировски.

Во периодот од 6 години работи на својата докторска дисертација и на 20.1.2017 г. на Медицинскиот универзитет во Софија успешно ја одбрани и се стекна со научно звање доктор на медицински науки.

На 16.3.2018 г. успешно го положува испитот и се стекнува со стручно звање супспецијалист по торакална хирургија.

Со Одлука бр. 2002-81/9 од 26.3.2021 година донесена на 256. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 26.3.2021 година, по конкурс објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 5.3.2021 година, а исправка на Конкурсот беше објавена на 9.3.2021 г. во весниците „Слободен печат“ и „Коха“, ас. д-р Стефан Петровски беше избран за доцент, во наставно-научната област хирургија.

Доц. д-р Стефан Петровски, е вработен со двојно вработување како општ и торакален хирург во ЈЗУ Клиничка Болница – Штип и како доцент во Универзитетот „Гоце Делчев„ – Штип.

Член на Катедрата по Хирургија во Универзитетот „Гоце Делчев„ – Штип.

Кандидатот Доц.д-р Стефан Петровски е член на Лекарасказа комора на Република Северна Макединија, член на Хирушкото здружение на Р. Северна Македонија и на Здружението на Кардио-торакални хирурзи на Р.Северна Македонија.

**Општи услови за избор:**

- Просечен успех – додипломски студии 8,56.
- Научен степен – доктор на медицински науки. Докторската дисертација со наслов „Колоректални метастази на црниот дроб - принципи на хируршко

лекување“ е одбранета на 20.1.2017 година на Медицински факултет во Софија, Р Бугарија.

- Објавени минимум 5 научни трудови во референтна научна публикација:

| Број | Автор | Наслов на труд | Списание | Година на излегување на списание |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Petrovski, Stefan** and Serafimov,Aleksandar and Adzi-Andov, Ljubica and Simeonovska Joveva, Elena and Karakolevska Ilova, Marija and Milev, Ilija | *Factors Influencing Recurrence Rate and Survival of Patients with Colorectal Metastases after Liver Resection* | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences 2023, 11 (B). pp. 755-759. ISSN 1857-9655 | 2013 |
| 2. | **Petrovski, Stefan** and Serafimov, Aleksandar and Karakolevska Ilova, Marija and Simeonovska Joveva, Elena and Petrovska, Lidija and Adzi-Andov, Ljubica | *The Influence of Resection Size and Pringle Maneuver on Operating Time and Intraoperative Bleeding in Patients with Colorectal Metastases in the Liver* | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences 2023. ISSN 1857-9655 | 2013 |
| 3. | Simeonovska Joveva, Elena and **Petrovski, Stefan** and Petkovska, Marija and Jovev, Marijan and Karakolevska Ilova, Marija | *Unraveling the complexity: A case report on spinal dural arteriovenous fistula* | Knowledge - International Journal 2024, 64 (4). pp. 391-394. | 2009 |
| 4. | Simeonovska Joveva, Elena and Karakolevska Ilova, Marija and **Petrovski, Stefan** and Jovev, Marijan and Serafimov, Aleksandar and Dimitrovska Ivanova, Marija | *Association Between Inflammatory Markers and Cognitive Impairment in Patients with Asymptomatic Carotid Stenosis* | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences 2024. ISSN 1857-9655 | 2013 |
| 5. | Milev, Ilija and Velikj Stefanovska, Vesna and Kostovski, Ognen and Mitevski, Aleksandar and Karagjozov, Panche and **Petrovski, Stefan** | *The utilization of Alvarado, AIR and RIPASA scoring systems in adults with acute appendicitis treated with laparoscopic appendectomy* | Journal of Morpho-logical Sciences 2023, 6 (2). pp. 120-132. ISSN 2545-4706 | 2018 |
| 6. | Petrovska, Lidija and Vasileva, Mirela and **Petrovski, Stefan** and Adzi-Andov, Ljubica and Ruskovska, Tatjana | *Difficult to diagnose squamous cell carcinoma: a literature review and a case report* | Knowledge - International Journal, Scientific Papers 2024, 67 (4). pp. 495-499. ISSN 2545-4439 | 2009 |

- Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик – германски и англиски јазик.
- Способност за изведување на високообразовна дејност – д-р Стефан Петровски има 17-годишна академска кариера, со четири избори од помлад асистент, асистент, асистент-докторанд и доцент.

**Посебни услови:**

- Со Одлука бр. 2002-149/76 донесена на 8.7.2024 година на 322. седница на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ е усвоен

извештајот- рецензија на ракописот за учебник „Општа хирургија“ од авторите: насл. вон. проф. д-р Константин Митев, насл. вон. проф. д-р Андреја Арсовски, насл. вон. проф. д-р Александар Митевски, насл. вон. проф. д-р Влатко Цветановски, доц. д-р Илија Милев, доц. д-р Стефан Петровски, нас. доц. д-р Тања Анѓушева, проф. д-р Кирил Лозанче, проф. д-р Билјана Ефтимова и проф. д-р Татјана Тројиќ.

- Кандидадот доц. д-р Стефан Петровски последните две години активно се едуцира во специјализирана болница за болести на бели дробови во склоп на Одделот по торакална хирургија - има два студиски престоја во странство Хемер, Северна Рајна Вествалија – Р Германија. За усовршување и имплементација на минимално инвазивна видеоасистирана хирургија - ВАТС за дијагноза и третман на болести на плевра и бели дробови. Во ЈЗУ Клиничка болница – Штип, со Потврда бр. 03-812/1 ги има воведено и изведено за првпат во последните пет години следните техники:

1. Субтотална тироидектомија;
2. Тотална тироидектомија;
3. ВАТС биопсија на плевра и пудража;
4. ВАТС декортикација на бел дроб;
5. ВАТС неанатомска ресекција на бел дроб;
6. ВАТС експлорација при торакална траума: евакуација на хематом.

- Кандидатот доц. д-р Стефан Петровски во последните пет години бил член на голем број комисии за одбрана на дипломска работа, ментор на специјалистички трудови за сестри и бил член на Комисија за одбрана на супспецијализација по торакална хирургија.
- Кандидатот доц. д-р Стефан Петровски, исто така, работи и со студенти од странство (Италија, Турција) од Еразмус програмата, во нивната едукација и запознавање со основните хируршки принципи.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатот доц. д-р Стефан Петровски во периодот од 2008 до 2014 година со Одлука бр. 2502-45/10, бр. 2502-97/6 и бр. 2502-291/20 е минал низ сите фази на избор и реизбор на Факултетот за медицински науки во Штип и е бил ангажиран како асистент на:

Во учебната 2008/2009 год. работи како лаборант по предметот Биохемија, со изборот во помлад асистент по фундаментални медицински науки започнува да работи со студенти на Општа медицина и со студенти од ВМШ.

Со Одлука бр. 2502-45/10 д-р Стефан Петровски е избран во звање помлад асистент по фундаментални медицински науки.

Во учебната 2009/2010 год. со Одлука бр. 0402-4/93 д-р Стефан Петровски е ангажиран на предметите: Физиологија за МСТ, Физиологија 1 за ОМ , Физиологија 2 за Стоматолози и Физиологија со основи на анатомија за фармацевти.

Во учебната 2010/2011 год. д-р Стефан Петровски е ангажиран како помлад асистент на предметите Хирургија со нега за МСТ, Хирургија и урологија со нега за Физиотерепевти. На 16.9.2011 година на 54. седница при Медицинскиот факултет на УГД Штип со Одлука бр. 2502-97/6 е избран во асистент по клинички медицински предмети. Во учебните 2011/2012 и

2012/2013 д-р Стефан Петровски е ангажиран на предметите Хирургија со нега за МСТ, Хирургија со урологија за Физиотерапевти, Хируршка пропедефтика, Хирургија 1 и 2 за студенти по Општа медицина.

На 130. седница на Факултетот за медицински науки во Штип одржана на 18.11.2014 година, со Одлука бр. 2502-291/20 кандидатот ас. д-р Стефан Петровски е избран во асистент-докторанд од областа дигестивна хирургија во периодот од 18.11.2014 - 18.11.2019 година.

Во наредните студиски години ас. д-р Стефан Петровски успешно ја извршува работата како асистент по хируршките предмети за студентите од Стручните медицински програми, како и по предметите Клиничко испитување 2 и по Хирургија 1 и 2 за студентите на Општа медицина.

Со Одлука бр. 2002-81/9 од 26.3.2021 година донесена на 256. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 26.3.2021 година, кандидатот ас. д-р Стефан Петровски беше избран во наставно-научно звање доцент, во наставно-научната област хирургија.

Во текот на овие години активно и пасивно учествувал на повеќе симпозиуми, конгреси и семинари поврзани со хирургијата.

Учесник на X congress with international participation – Macedonian surgery organization, Ohrid, 2010;

XIV National congress of surgery- with international participation in Sofija 2014;

International congress for digestive and laparoscopic surgery, Nis, R. Serbia 2023,

National work shop for NI VATS, Hemer,NRW. R. Germany, 17-19.12. 2024.

Кандидатот доц. д-р Стефан Петровски учествувал како пленарен предавач и активен учесник на „II Научна медицинска конференција за хирургија", одржана на
15.12.2023 година во Штип организирана од СОМА, **Употребата на видеоасистираната торакоскопија ВАТС во дијагноза и третман на болести на плевра и бели дробови.**

Исто така, учествува како пленарен предавач на Третиот студентски когрес на Општа медицина – СКОМ, 17.5.2024 – 18.5.2024, Штип, **Употребата на видеоасистираната торакоскопија ВАТС во дијагноза и третман на плеврален емпием.**

Кандидатот низ својата професионална кариера како доцент пројавува интерес и во научноистражувачката работа во последните пет години публикувал:

**Објавени научни трудови во меѓународни научни списанија последните 5 години:**

1. **Petrovski, Stefan** and Serafimov, Aleksandar and Adzi-Andov, Ljubica and Simeonovska Joveva, Elena and Karakolevska Ilova, Marija and Milev, Ilija (2023) „*Factors Influencing Recurrence Rate and Survival of Patients with Colorectal Metastases after Liver Resection.*„ Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 11 (B). pp. 755-759. ISSN 1857-9655

Овој труд ја покажува рекурентната стапка на оперирани пациент со метастази на црн дроб од КРК. Постоперативната рекуренција е, исто така, многу висока и во поголем број на проспективни студии се движи од 50 до 70%, а

ресекцијата се издвојува како единствен метод на куративно лекување. Голем број на прогностички фактори: бројот на колоректални метастази, големината и нивната локализација уни или билатерална локализација се уште немаат јасно влијание на постоперативната рекуренција, но имплицираат помало или подолго петгодишно преживување. Техничката можност за R0 ресекција е златен стандард за превенција од локален рецидив, додека типот не ресекција, нејзиниот екстенизетет се уште немаат јасна предикција на долгогодишно преживување. Не-анатомска ресекција или анатомска ресекција, во различни студии имаат компаративни резултати, но анатомската ресекција се смета за златен стандард заради обезбедување на јасна трансекциона линија. Големината на ресекцијата не обезбедува помала постоперативна рекуренција.

**2. Petrovski, Stefan** and Serafimov, Aleksandar and Karakolevska Ilova, Marija and Simeonovska Joveva, Elena and Petrovska, Lidija and Adzi-Andov, Ljubica (2023) *The Influence of Resection Size and Pringle Maneuver on Operating Time and Intraoperative Bleeding in Patients with Colorectal Metastases in the Liver.* Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. ISSN 1857-9655

Овој труд ја покажува корелацијата помеѓу тежината и големината на оперативнта интервенција и примената на метод за васкуларна контрола Прингл маневар - PM, со цел помала перопертивна крвозагуба. Во поголем број на студии се анализирани техниките на васкуларна контрола и ексклузија на црниот дроб за време на тренсекција на паренхимот. Континуираниот и интермитентниот прингл маневар се користат најчесто и истите влијаат на резидуалниот паренхим, но несигнификантно ја намалуваат перопертивнта крвозагуба во споредба со ресекции кои се направени без користење на метод за васкуларна контрола. Покомплексните и мајор ресекции имаат поголема крвозагуба и трансфузија на крв што имплицира поголем постоперативен морбидитети и морталитет. Оперативното време е правопропорционално со бројот на ресецирани сегменти, а кај мајор ресекции истото е подолго во споредба со помали ресекции.

3. Simeonovska Joveva, Elena and **Petrovski, Stefan** and Petkovska, Marija and Jovev, Marijan and Karakolevska Ilova, Marija (2024) *Unraveling the complexity: A case report on spinal dural arteriovenous fistula.* Knowledge - International Journal, 64 (4). pp. 391-394.

Спиналните дурални артериовенски фистули (SDAVF) претставуваат посебна категорија на спинални васкуларни малформации, кои се карактеризираат со абнормални врски помеѓу артериите и вените во рамките на дура матер на 'рбетниот мозок. Овој труд е за случај за 52-годишен маж кој се оплакувал на едномесечен почеток на слабост на долните екстремитети, нарушување на одењето и уринарна/столица инконтиненција, нагласувајќи ја комплексноста во дијагнозата на SDAVF и нагласувајќи го значењето на раната интервенција. Биле присутни и дисфоничен говор и неможност за одење. Тестирањето на сензибилитетот откри попречно сензорна загуба на нивоата Th6-Th7 билатерално, хипорефлексија со позитивен одговор на Бабински. МРИ покажува едем на ‘рбетниот мозок и проширени и извиткувачки перимедуларни вени на цервикалниот и проксималниот торакален сегмент, особено концентрирани на десната страна. Истовремено, ангиографијата го опишува присуството на спинална дурална артериовенска фистула (AVF), која потекнува претежно од менингеалните гранки на вертебралните артерии, со

изразен акцент на десната страна. Навремената интервенција кај SDAVFs преку брза ендоваскуларна емболизација или хируршки процедури овозможува да се спречи оштетувањето на нервите и позитивен процес на закрепнување.

4. Simeonovska Joveva, Elena and Karakolevska Ilova, Marija and **Petrovski, Stefan** and Jovev, Marijan and Serafimov, Aleksandar and Dimitrovska Ivanova, Marija (2024) *Association Between Inflammatory Markers and Cognitive Impairment in Patients with Asymptomatic Carotid Stenosis.* Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. ISSN 1857-9655

Одредени воспалителни механизми се вклучени во каротидниот атеросклеротичен процес, а одредувањето на воспалителната активација може да биде корисно во проценката на когнитивното оштетување кај пациенти со асимпто-матска каротидна стеноза (ACS). Целта на оваа студија имаше за цел да ги корелира овие маркери на воспаление со степенот на асимптоматска каротидна стеноза (ACS) и степенот на когнитивно оштетување. Во студијата беа вклучени сто и дваесет пациенти со каротидна стеноза и 60 пациенти без каротидна стеноза. Беа извршени клинички, невролошки и лабораториски евалуации (C-реактивен протеин [CRP], фибриноген, фактор на туморска некроза алфа [TNF-α]), како и евалуација на дебелината на интима-медиумите (IMT) и степенот на каротидна стеноза. Од добиените резултати немаше значајна корелација во асимптоматската група помеѓу TNFα и IMT и помеѓу фибриногенот, CRP и IMT и на левата и на десната страна. Во истата група, имаше статистички значајна поврзаност помеѓу степенот на каротидна стеноза и низок до умерен степен на когнитивно оштетување на десната страна ($p < 0,05$) и левата страна ($p < 0,05$). Пријавена е умерено слаба негативна статистички значајна корелација помеѓу сериозноста на когнитивното оштетување и степенот на стеноза кај асимпто-матската група. Високиот степен на каротидна стеноза (≥70%) на десната страна ја зголеми шансата за умерен степен на когнитивно оштетување за 6 пати во споредба со нискиот степен на каротидна стеноза кај асимптоматската група. Високиот степен на каротидна стеноза (≥70%) лево ја зголеми можноста за тежок степен на когнитивно оштетување за 20 пати во споредба со нискиот степен на стеноза кај асимптоматската група. Од студијата може да се изведе заклучокот дека ACS го зголемува ризикот од когнитивно оштетување.

5. Milev, Ilija and Velikj Stefanovska, Vesna and Kostovski, Ognen and Mitevski, Aleksandar and Karagjozov, Panche and **Petrovski, Stefan** (2023) *The utilization of Alvarado, AIR and RIPASA scoring systems in adults with acute appendicitis treated with laparoscopic appendectomy.* Journal of Morphological Sciences, 6 (2). pp. 120-132. ISSN 2545-4706

Трудот претставува мултицентрична, проспективна, кохортна, рандомизирана клиничка студија со 75 учесници, со цел да се утврди кој од трите актуелни бодовни системи за дијагностицирање на акутен апендицитис: Alvarado, AIR и RIPASA е најприменлив за популацијата во Македонија. Истовремено се утврдува и можноста вредностите на овие системи да се искористат во предвидување на компликациите при примената на лапароскопската апендектомија. Низ детална статистичка анализа се покажува дека иако несигнификантно, RIPASA бодовниот систем е најсензитивен при поставување на дијагнозата и треба да биде прв избор кога се размислува за примена на погоден скор систем за дијагностицирање на акутниот апендицитис

кај популацијата во нашата земја. Од друга страна, анализата покажува дека наведените системи не можат да се искористат за предвидувања на несакан интраоперативен и постоперативен тек кај пациенти со акутен апендицитис третирани со лапароскопска апендектомија.

6. Petrovska, Lidija and Vasileva, Mirela and **Petrovski, Stefan** and Adzi-Andov, Ljubica and Ruskovska, Tatjana (2024) *Difficult to diagnose squamous cell carcinoma: a literature review and a case Creport.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 67 (4). pp. 495-499. ISSN 2545-4439

Сквамоцелуларниот (SCC) е втор најчест карцином на кожа по базоцелулар-ниот карцином. Постојат одредени заболувања кои по своите клинички дерматолошки карактеристики може да наликуваат на SCC. Бовеновото заболувања (SCC in situ), Дезмопластичниот SCC, Пигментниот SCC, лезии локализиран во вратна регија, како и лезии локализирани на места коишто не се експонирани на сонце. Клиничкиот предизвик кај овие лезии секогаш постои и бара дермоскопско иследување, хистопатолошка потврда, молекуларна и радиогравска дијагностика.

Дермоскопијата кај овие лезии има, исто така, круцијална улога во дијагнозата и диференцијалната дијагноза, односно SCC во својата градба вклучува кератинска маса, крвни садови со бело хало, улцерација со презентација на крвни коагулуми. Оваа дијагностичка метода може да ги разграничи овие лезии од инфламаторни промени на кожата. Дефинитивната дијагноза и третман бараат хируршка ексцизија и патохистолошка конфирмација. Кај овој приказ на случај е опфатен пациент на 78 години со Бовенова болест.

**Публикации на когреси, семинари и стручни состаноци:**

1. Adzi-Andov, Ljubica and Momirovska, Ana and Todorovska, Maja and Cvetko-vic, Danica and **Petrovski, Stefan** and Petrovska, Lidija (2024) *Lactose Intole-rance Prevalence in North Macedonia.* In: International XXIII Serbian Congress of Medical Biochemistry and Laboratory Medicine, 16-18 Sept 2024, Belgrade, Srbia.

2. Simeonovska Joveva, Elena and Lichkova, Elena and Petkovska, Marija and **Petrovski, Stefan** and Karakolevska Ilova, Marija (2024) *Iron-deficiency anemia as a precursor to cerebral venous sinus thrombosis: A case report.* In: 10th European Stroke Conference (ESOC), 15-17 May 2024, Basel, Switzerland.

3. Milev, Ilija and Veselinov, Aleksandar and Arsovski, Nikola and Longurov, Aleksandar and Velkov, Gjorgi and Georgijev, Alen and **Petrovski, Stefan** and Trokovski, Nikola (2025) *Critical view of the myopectineal orifice - our experience.* In: First Symposium of the Macedonian Association of Abdominal Surgeons (MAAS) and Fourth Meeting of the WEB Chaptter of E-AHPB, 28-29 March 2025, Skopje, RN Macedonia.

**4. Доц. д-р Стефан Петровски,** Употребата на видео асистираната торакоскопија ВАТС во дијагноза и третман на плевралeн емпием, книга на апстракти, 3. Конгрес на студенти по Општа медицина, 17-18 мај 2024 г. - Штип.

5. Work shop – NI VATS, Hemer, 17-19.12.2024, NRW, R.Germany.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатот доц. д-р Стефан Петровски, заедно со група на автори во изминатиот период објавија рецензиран учебник „Општа хирургија". Учебникот е изготвен и публикуван на е-библиотека.

Учебникот „Општа хирургија" е напишан од автори кои кратко и јасно ги дефинираат базичните хируршки состојби, како и поимите од суплементарните медицински области кои учествуваат во развојот на современата хирургија. Текстот е наменет за едукација на студенти по медицина, медицински сестри, млади доктори, како и за целиот медицински и немедицински персонал кој секојдневно учествува во медицинскиот третман, како и во медицинската нега и рехабилитација на хируршките пациенти. Книгата обезбедува информации за примарниот пристап на хируршките болести, а дадени се алгоритми и чекори за современ мултидисциплинарен хируршки третман на овие состојби.

Електронското издание преку линк овозможува пристап од неколку поглавја до видеа специјално подготвени за визуелна презентација на содржината во книгата. Голема благодарност до луѓето кои беа директно или индиректно инволвирани и помогнаа во реализација на ова издание, но посебна благодарност до членовите на семејствата на авторите за покажаното разбирање, љубов, толеранција и несебичната поддршка.

Кандидатот доц. д-р Стефан Петровски во изминатите пет години, на Одделението по општа хирургија ЈЗУ Клиничка болница – Штип, има голем придонес во развој и имплементација на нови хируршки процедури и техники кои за првпат се изведени и воведени на овој оддел. Има воведено хируршки процедури за лекување на бенигни и малигни заболувања на тироидната жлезда. Исто така, има воведено минимална инвазивна видеоасистирана торакоскопска хирургија ВАТС, која се применува во дијагноза и третман на заболувања на плеврата и белите дробови.

Со овие нови хируршки процедури се овозможува поголема достапност во лекувањето на болните во источниот регионот на Р. Северна Македонија.

**Член е на следниве институционални органи:**

1. Лекарската комора на Р. Северна Македонија;
2. Македонското лекарско друштво;
3. Здружение на хирурзи на Р. Северна Македонија;
4. Здружение на кардиоторакални хирурзи на Р. Северна Македонија;
5. Член на Катедра по хирургија, Факултет за медицински науки – УГД - Штип.

6. ***Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност***

Во рамки на научноистражувачката дејност, Рецензентската комисија констатира дека доц. д-р Стефан Петровски е научен истражувач со резултати кои придонесуваат во областа на општата, дигестивната и торакалната хирургија. Учествувал на неколку меѓународни научни конференции, научни и стручни собири и работилници, во земјава и во странство, со постери и усни презентации. Автор или коавтор е на повеќе научни и стручни трудови и автор на учебникот „Општа хирургија" за студенти на Општа медицина.

Во изминатите години работел низ сите форми на наставнички кадар на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, од асистент кој одржувал вежби, а денес како предавач и едукатор на млади кадри од Р. Северна Македонија и од странство.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

По разгледувањето на поднесената документација и изнесените податоци, Комисијата смета дека кандидатот доц. д-р Стефан Петровски поседува стручни, научноистражувачки и наставно-образовни квалитети, исполнувајќи ги притоа законските услови за избор на наставник во наставно научното звање вонреден професор за наставно-научната област хирургија.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да го избере доц. д-р Стефан Петровски во звањето вонреден професор за наставно-научната област хирургија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Нас. вонр. проф. д-р Андреја Арсовски, претседател, с.р.

Ред. проф. д-р Ацо Димов, во пензија, член, с.р.

Нас. вонр. проф. д-р Влатко Цветановски, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| **1** | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | 10 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | 1. Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор) | 2 | 2x9x0.7 | | | **12.6** |
| | 2. Научен труд објавен во меѓународно научно списание (коавтор) | 1<br>2<br>1 | 6<br>3<br>2.1 | | | **14.1** |
| | 3. Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален собир | 2 | 3 | | | **6** |
| | 4. Учество на научен собир со реферат (постер/усно) концерт во земјава и во странство | 2 | 1 | 2 | 1.5 | **5** |
| | 5. Студиски престој во странство (еднократно) | 1 | 8 | | | **8** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **45.7** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Книга (автор) | 1 | 10 | | | **10** |
| | Техничко унапредување | 6 | 2 | | | **12** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **22** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **97.7** |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на прифатени теми за изработка на докторски трудови**
**од Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3**

| | Број и датум на Одлука за прифаќање на темата | Назив на темата | | Име и презиме на ментори | Име и презиме на студент |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ | 0206-305/9 од 8.4.2025 г. и 0206-410/9 од 9.5.2025 г. | „Морфолошки и функционален исход кај пациенти оперирани од интракранијални процеси врз основа на невролошки статус и имицинг методи при употреба на флуоресцентни техники“ | „Morphological and functional outcome in patients operated on for intracranial processes based on neurological status and imagine methods uding fluorescent techniques“ | Проф.д-р Вело Марковски, ментор: проф. д-р Слободан Дамјановски, екстерен ментор | Љубомир Ивчев |
| | 0206-410/4 од 9.5.2025 г. | „Методи за детекција на имуносупресив такролимус во крв и фармацевтски формулации -електрохемиски сензори версус HPLC методи“ | „Methods for detection of immunosuppressant tacrolimus in blood and pharmaceutical formulations-electrochemical sensors versus HPLC methods“ | Проф. д-р Зорица Арсова Сарафиновска, интерен ментор; проф. д-р Анита Грозданов, екстерен ментор | Петре Витанов |

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Билтен 15.5.2025 година** | | | | |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ** | 1. Анестезиолошка подготовка на пациенти за планирани лапароскопски интервенции (холецистектомија и херниопластика) | 2002-38/18 од 28.1.2025 год. | Проф. д-р Билјана Ефтимова | Дејан Анастасов |
| | 2. Антериорен отворен загриз етимологија и терапија | 2002-38/19 од 28.1.2025 год. | Проф. д-р Софија Царчева-Шаља | Денис Пакетов |
| | 3. Анализа на третманот на пациенти со дијабетично стапало и улогата на медицинската сестра | 2002-38/20 од 28.1.2025 год. | Доц. д-р Илија Милев | Мартина Миљковиќ |
| | 4. Терапијата со негативен притисок кај хронични рани | 2002-38/21 од 28.1.2025 год. | Доц. д-р Илија Милев | Ивана Стојановска |
| | 5. Клучни улоги на медицинската сестра во негата на пациенти со периферна артериска болест во единица за интензивна нега и лекување | 2002-110/20 од 29.4.2025 год. | Проф. д-р Гордана Камчева-Михаилова | Горица Николовска |
| | 6. Интензивна нега на пациенти со венски тромбоемболизам | 2002-110/21 од 29.4.2025 год. | Проф. д-р Гордана Камчева-Михаилова | Рената Ѓаконовиќ |
| | 7. Улога на медицинската сестра при нега на пациенти оперирани од конгенитален хидроцефалус | 2002-110/22 од 29.4.2025 год. | Проф. д-р Гордана Камчева-Михаилова | Сања Спасески |
| | 8. Анестезиолошка подготовка на пациент при нефрактомија | 2002-110/23 од 29.4.2025 год. | Проф. д-р Татјана Тројиќ | Сермајете Идризи |
| | 9. Споредба на аналгезија при абдоминални операции со епидурал и без епидурал | 2002-110/24 од 29.4.2025 год. | Проф. д-р Татјана Тројиќ | Бесмира Рамадани |
| | 10. Компарација помеѓу општа и спинална анестезија при операција на ингвинална хернија | 2002-110/25 од 29.4.2025 год. | Проф. д-р Татјана Тројиќ | Фросина Атанасовска |
| | 11. Статистичка анализа на пациенти во одделение за интензивно лекување за 2024 година | 2002-110/26 од 29.4.2025 год. | Проф. д-р Татјана Тројиќ | Силвана Андевска |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА** | 12. Дигиталната трансформација во комуникацијата и улогата на перцепцијата кон рекламирањето на социјалните мрежи врз однесувањето на потрошувачите | 2102-69/5 од 5.5.2025 год. | Проф. д-р Александра Жежова | Драгица Чугунска-Цалева |
| | 13. Улогата и значењето на ефективната комуникација и интеграцијата на вештачката интелигенција во каналите на деловната комуникација за подобрување на бизнис перформансите | 2102-69/6 од 5.5.2025 год. | Проф. д-р Александра Жежова | Никифор Цалев |